

Сл. 42 Македонска носија со ромбични мотиви, лигатура, симбол на пролетта.

На слика бр. 42 – симбол за пролет, претставено со четири триаголници или четири пирамиди, четири годишни периоди, четири утки, се формира еден четвороаголник наречен АР, составен од два или четири триаголника, симбол застапен и на македонските народни носии, килим, вез, како орнаменти на керамика и други употребни предмети, од периодот на Зета Македонија до денес како македонска ера.



Сл. 43 Симбол за пролетната рамноденица е и: машкиот принцип, китан, пупката, цутот, накитена китка, бремена божја МАДОНКА.

Симбол за пролетната рамноденица е и: пирамидата на љубовта, конусот, машкиот принцип, китан, пупката, цутот, накитена китка, бремена божја МАДОНКА.[129]

Неколку примери за топоними кои водат потекло од Македонците, а ја означуваат рамноденицата: Реката Дон во Русија, или божја пролетна река. Очигледен пример за топоним на град е **Лондон или Л‘нд‘н.** Името на плодната област со многубројни древни населби со македонско население пред и по изградбата на Стоунхенч (верувале или не постојат теории кои велат дека Стонхенч најверојатно е фалсификат, изграден по Втората светска војна[130]) е наречено ЛОНДИН (Лом на Дин или Дион) и ЛУНДИН[131] (Луна на Дин, Дион или месеците на цутот). Со ова име нарекувана е и поголемата населба сѐ до поставувањето на владејачката управа на градот Рим. Оригиналното име на **Лондон** е **ЛОМДОН, ЛОМ ЗА ДОН или ЛОМ за ЦУТ.** Лондон има уште едно име, а тоа е **ЛИ Д‘Н,** што значи **ЛИЕ ДЕН** или оплоден ден. Се мисли на пролетната рамноденица 21-ви март кога настапува пролетта, природата се буди, се раѓа цут или Дон, Дион, но за полесен изговор на името на градот што е изграден во таа област, го преименувале во Лондон или Л‘нд‘н.

[129] Симболи од: Зета Македониа Прекуокеански Јужен Цут (Наска, Перу) стр. 316. Зета Македониа АР на МА (Египет) стр.378, Беломорска Македониа, стр. 106.

[130] https://www.metabunk.org/debunked-stonehenge-fake-restored-with-concrete-in-the-1950s.t4443/, пристапено на 04.05.2015

[131] The Cambro Briton: November 1821- June 1822 „Etymology of ‘London“ стр. 42 – 43.

## - ЗИМСКАТА КРАТКОДНЕВИЦА, новото раѓање на Сонцето

Со денот на зимската краткодневица на 21/22 декември започнува **македонската нова година.** Токму на овој ден се празнувале **раѓањето на новото Сонце** и почетокот на зголемувањето на денот. За таа цел токму поради доминантноста и посветеноста кон култот кон Сонцето, Космосот,ројот, сојот, родот и рајот се принесувале жртви[132], се одржувале многу обреди, за да се помогне при раѓање на Сонцето. Што претставувала жртвата? Се жртвувало животно, храна, вино. Тоа се родените плодови од мајката на Господарите - Владетели Македонци, во кој се наоѓа дух божји Македон. Со храната изедена во општа веселба, приложена на светилиштата или ставена на клада, симболички се ослободува духот божји Македон. На тој начин, тој качен на сончевиот зрак, за прочистување и повторно враќање во Македонија рајот, извршува оплод за новата претстојна година во род. Тоа е период кога денот е најкус, а веднаш потоа тој почнува да се наголемува, сè до периодот на пролетната рамноденица на 21/22-ри март, кога денот и ноќта се изедначуваат. Помеѓу нив спаѓаат зимскиот циклус празници, Бадник, Божик, Василица односно Стара Нова Година, па сè до Водици.

„Од денот на Христовото раѓање, 25-ти декември по Грегоријанскиот или 7-ми јануари по Јулијанскиот календар, па сè до Богојавление, 6-ти јануари по новиот или 19-ти јануари по стариот календар, се некрстените денови. Денови, кога по земјата шетаат духови, лоши сили и демони: караконџоли, тарамбаба, гревогазец, ѓаволица, чума и колера. И водите тогаш се нечисти, опседнати со лоши духови. Водата во овие некрстени денови е леунка, вели народот, крстот е врзан, немоќен, нема сила да ги протера духовите.

Во овие дванаесет некрстени денови луѓето се маскираат и ги изведуваат игрите под маски и тоа на Бадник и по него, пред Василица (Стара нова година), а и речиси сите останати денови до Водици. Игрите под маски најпознати како џамаларски, но и: бабари, василичари, мечкари, ајти, русалии... Се изведуваат за да се избркаат лошите сили и демони. Луѓето веруваат дека со маските каде задолжително составни елементи се ѕвонците, клопотарците, стаповите, гајдите[133] и тапаните што прават врева, ќе ги исплашат демоните, и тие ќе ја напуштат земјата.[134] Настанувањето на овие дванаесет дена се објаснува со разликата меѓу сончевата и месечевата година, која изнесува точно дванаесет дена. Тоа се денови во кои завршува зимската краткодневица и се раѓа новото Сонце. Свеченостите што се одржувале во овие дванаесет дена познати се како митраистички култови, Дионизиски игри, а најизразени преку сатурналиите. Рисјаните овој ден го замениле со раѓањето на Ристос кој требало да биде новото Сонце, што на светот му носи светлина. Раѓањето на Сонцето или Ристос значело зголемување на денот, па затоа маскирањата и обредите што се вршат во дванаесетте дена се сврзани за плодноста, новиот живот, родот, бериќетот."[135]

Во денешно време се смета дека најатрактивни се карневалите пред почнување на велигденските пости, што обично се совпаѓа со настапувањето на пролетта и будењето на природата, но во Македонија сè погласни се карневалите од „некрстените денови" меѓу Божиќ и Василица (Стара нова година). Овие карневали всушност, се поврзани со „новото раѓање на Сонцето", периодот по зимската краткоденица, кога сè повеќе се зголемува денот.

На 14-ти јануари според новиот (односно 1-ви јануари според стариот) календар, македонскиот народ денес празнува три празници: Обрезание Господово, Свети Василиј Велики и Православна Нова Година. Поради совпаѓањето со празникот на Свети Василиј овој празник во народот денес најчесто е познат како Василица, а тоа најповеќе асоцира на обичаите и верувањата поврзани со Новата Година. Василица се паѓа во периодот на т.н. некрстени денови. На тој ден во Вевчани се одржува познатиот вевчански карневал. Инаку, тоа е обичај од македонската вера, кој тука се сочувал од историскиот период на Зета Македониа сè до денешни дни.

---

132 Дешифриран текст Наска, Перу, 720.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 312.

133 Дешифриран текст: „Светиот Силен", Југозападна Франција – Високи Пиринеи (Altos Pirineos), 10.000 г.мак.е.п.п.хр. стр 238.

134 Дешифриран текст: „Македониа наша" Гравир - лигатура од Куманово, Македонија стр. 121.

135 http://makedonska-mitologija.blogspot.com/, пристапено на 04.05.2015.

Учесниците во него се нарекуваат василичари. На вечерта спроти Василица, штом се спушти ноќта, горномалската и долномалската тајфа василичари тргнува во обиколка на куќите. Големите желби за плодна и среќна година и донесената веселба домаќините ги наградуваат со парче леб, неготвено месо и згора на тоа пари.[136]

На вевчанскиот карневал познат е обичајот „Крштевање вода во извор", тоа е македонски обреден ритуал кој води корен многу одамна, а одржан е сè до денес. Тоа е ритуален чин кон Божјиот Перун, ЅЕУС за повеќе дожд и побогат род.[137] Во водите на познатите вевчански извори. Тоа се прави кога ќе расцути муграта, на 14-ти јануари, на Василица. Остварувањето на овој обичај е сврзан со котле и со садовите ѓум и билнк.[138] Главниот предмет за обичајот „Крштевање вода" е василичарската китка. Неа некои ја прават како крст, но задолжително од три гранчиња: дрен, босилек и василичарка. Секое гранче на китката има посебна цел: дренот е тврдо дрво, рано ја најавува пролетта и раѓа здрав живот и богат бериќет. Босилекот е божјо растение со кое се благословува плодност, нов и здрав живот и бериќетно лето. Пак, василичарката е растение со боцки кои го прогонуваат злото и се што е страшно, лошо и неприфатливо за новата година, По ова зимската атмосфера се облагородува со песни, игри, желби и честитки „За многу години - Сурва година". Вториот сад со вода наречен БИОМ[139] или котле полн со „крстената вода" ја употребува домаќинката на куќата. Таа со неа, рано наутро, на 14-ти јануари, на Василица ќе меси кашаник со паричка.

## - ДИОНИСОВИ ИГРИ И ОРГИИ

Според истражувачите и проучувачите на македонската античка „митологија", Дионис бил син на Ѕеус и Земела. „Првобитно Дионис бил обожуван во македонските провинции Тракија и Фригија, каде изгледа имал слична функција како и Деметра, Божицата на земјоделието. Тој релативно доцна извршил влијание врз современата македонска култура. Во делата на поетот Хомер, кој живеел околу 8-ми век пред Риста, Дионис не бил толку значаен Бог"[140].Според моето мислење првото бележано датирање за ДОН, ДИОН е од пред 400.000 г. со појавување на имињата: ИЛИ, Л,[141] МА,[142] ДОН,[143] МАДОН,[144] МАКЕДОН, Мадона,[145] Македонија[146], Македонци и македонски[147]. Со појавата на пролетта со првиот сончев зрак ИЛ и духот Македон, врз божјата земја

---

136 Атанас Ќушкоски „Светилиштата во Вевчани", Струга 2002.

137 Дешифриран текст: „Ритуал за дождот", Крит 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 125; Дешифриран текст од Наска, Перу, 70.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 125.

138 Дешифриран текст: „Ритуал за дождот" Крит 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 303.

139 Дешифриран текст: „Ритуал за дождот" Беломорска Македониа, Крит 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 125.

140 Ристо Поповски, „Митологија на Македонците" стр. 77

141 Дешифриран текст: „О!!! Мил на ИЛ" Шарков рид – Св.Николе, Македониа 400.000 – 12.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр.86 „Божји дух Македон", La Ferrassie, Франција 70.000 – 50.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 249. Фосилен заб бр. 6 дешифриран текст „Милуван од Сонцето – ИЛИ" Пештера Виндија, Хрватска, 32.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 159. "Јас сонувам ИСУС - Сонцето ИЛИ и зраците – божјиот дух ИЛ" Grotte du Sorcier ,Зета Македониа Нанија (денес наречена Франција), 15.000 – 8.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 211.

142 Дешифриран текст: „М'дон – Мадонка" Мас Де Азил, Франција 11.000 г.мак.е.пред.п.христ. 244 стр. „Божја МА" Сардинија, 4.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 249, тран. „Точката на божјата Ма" С. Бурилчево, локалитет „Пилово" Кочанско 3.500 до 2.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 122.

143 Дешифриран текст: „МАКЕДОНИА ВО ПРОЛЕТ" Крит 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 124.

144 Дешифриран текст: „Амајлија" Доброѓе - Романија 18.000 г.мак.е.пред.п.христ стр. 169. „М'дон – Мадонка "Мас Де Азил, Франција 11.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 244. „ЛУАС АЛ'Л" цртеж-лигатура, Италија, Val Camonica, 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 198.

145 Дешифриран текст: „Рожба Мадона" Шкотска Локалитет Skara Brae 3.100 – 2.500 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 255.

146 Дешифриран текст: „Ѕет Пилиос со симболот на светото тројство коњот''Зета Македониа Нанија Grotte du Sorcier, (денешна Франција), 15.000 - 8.000 г.мак.е.пред.п.христ. 210 стр. .„Орфеј свирачот – ноќен ловец" Есенски жртвен ритуал во времето на Зет Ајон, Франција 13.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 220.

147 Дешифриран текст:„Народ Македонски" Градешница – Бугарија, глинен печат 5.000 – 3.500 г.мак.е.п.п.х. стр.111.

МАДОН со родениот ЦУТ наречен ДОН, земјата е оплодена. Во таа чест се принесува жртва во храна и вино со веселба. Сите Македонци биле среќни, весели, оплодени, накитени со КИТКИ цвеќиња, во очекување на богата рожба од божјата МАЈКА која го создава рајот наречен МАКЕДОНИЈА.

Значи името на пролетта е ЦУТ, ДОН, ДИОН, а чинот на жртвата со прославувањето се викало ДИОНИСОВИ ИГРИ или Дионисии. Од ДОН; ДИОН; ДИОНИС и земјата наречена МА, произлегува и името МАКЕДОНИЈА, а луѓето кои живеат на таа земја се Македонци. Дон, Дион, Дионис, пролет, е концепција на верување, манифестирана низ забавите, заедно со менадите и пијанството.

Имало повеќе денови, коишто се славеле, односно се чествувале во чест на Дионис. Дионисиите се празнувале во зима и пролет, а тие денови биле прогласувани за државни празници[148]. Оттука можеме да го сфатиме значењето и важноста на Дионис во севкупната македонска цивилизација. Во јануари се славел празникот таканаречен Линеи. Овој празник, како и на другите празници во чест на Дионис, бил неработен. Иако се славел неколку месеци после бербата, а чествуван во чест на култот на Дионис, главно бил посветен на Линеите, или поинаку речено, менадите. Тие оргијастично настроени, изведувале разни танци. Со фактот дека Дионис бил заштитник и на театарот, и претставите биле дел од оваа прослава.

Друг значаен празник, кој што го нарекуваат и урбан празник, бил наречен Антестерии, а се чествувал кон крајот на февруари и почетокот на март. Антестериите се славеле со тоа што статуата на Дионис се носела по градот, заедно со вино.[149] Со тоа, всушност, им се оддавало почит на мртвите. Можеме да кажеме дека театарот е (македонски збор SE = поглед на ТРОН – издигнат подиум) =zea-tron = трон за гледање, бил многу важен и значаен кога се во прашање Дионисовите игри. Театарските претстави биле подготвувани од страна на видни луѓе од општеството. Државата многу се грижела и му оддавала почит на театарот. Интересно е тоа што на сиромашните им се давала помош за да можат да ги посетат претставите. Многу често, претставите биле посетувани и од страна на луѓе од други градови. Било чест да се присуствува на оваа манифестација, затоа била посетена од илјадници луѓе. „Главните учеснички во култот на Дионис, Бахантките во Македонија имале повеќе имиња. Во животописот на Александар, Плутрах вели дека жените што учествувале во овие свечености во Македонија се нарекувале Клодонки и Мималонки. И Атенај пишува дека во поворката што ја организирал Птоломеј Филаделф во Александрија оделе Македонските Бахантки наречени Мималонки вооружени со меч. Имено во некои записи името Мималонки почнало да се употребува од времето на кралот Аргај (675 – 660 г.мак.е.пред.п.христ). Во една битка немајќи доволно војници тој повел девојки кои во рацете држеле тирс како Менадите на Дионис, што оддалеку личеле на војници со копје. Од тогаш Клодонките почнале да се нарекуваат Мималонки.“ [150] На безимениот семитски јазик значело „оние што се преправаат“. Повеќе од очигледно е дека безимените Семити направиле интерпретација на Македонското име. Според О. Хофман анегдотата е направена за да се објасни домашното име односно епитет на Македонскиот Дионис, што безимените Семити (не го разбирале па го прилагодиле со семитски префикс pseudo-. Очигледно е дека во Македонија преправањето има ритуален карактер и било поврзано со Дионис. Најчесто ритуалното криење или преправање било во врска со минувањето од детството во зрелоста. Според легендата заради љубоморната Хера, Дионис морал да се крие па Земела, ќерката на Кадмо, својот син го одгледала како девојче и тој пораснал меѓу жени. Затоа во Македонија чинот на зрелост се врзува со Дионис.

Инаку зборот Мималонки на македонски би значело МОИТЕ МАЈКИ ВЕЧНО ПЛОДНИ. Тие не биле преправени во воини, тие биле борци, симбол на успешна и плодна војна. Сите овие чествувања или празници, во чест на Дионис, како што кажавме погоре се одржуваат кон крајот на зимата и почетокот на пролетта. Сите тие празници можеме да ги поврземе со Богот Ил - Иле и Божјата Ма. Чествувањето, односно празникот за Линеите кој се одржува во јануари, можеме да го сфатиме како подготовка за пролетта, или подготовка за новото раѓање. Овие празници посветени на линеите односно менадите, со самите луди танци, го иницираат новото раѓање, новата пролет. Оргиите кои биле незаменлив дел од овие игри претставуваат симбол на плодноста. Како најстар празник во чест на Дионис, Антестериите важат за најзначајни чествувања

---

148 http://bg.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D1%81%D0%B8%D0%B8, приста пено на 04.05.2015

149 Дешифриран текст: „Ритуал за дождот“ Крит 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.х. стр. 125.

150 Наде Проева „Студии за Античките Македонци“ , книга 5 стр. 174.

или празник на којшто е истакнат култот кон Дионис. Со носењето на статуата на Дионис и вино по градот, го навестуваат новото раѓање на Дон (цутот), а виното како опивната моќ на цутот, навестува на нова плодна година. Виното исто така е принесување жртва кон Дионис[151]. Овие игри не случајно се одржуваат кон крајот на февруари и почетокот на март - месецот на рамнодениците.

Сите овие игри, чествувања или празнувања можеме да кажеме дека се всушност, чествувања на Дон (цутот). Тие игри само го навестуваат новото раѓање со духот божји Македон за потребите на Господарите - Владетели Македонци. Овие чествувања, обредни церемонии како и самиот култ кон земјата и тоа што таа го раѓа, занесот, преодот кон зрелоста и растењето потекнуваат од самиот искон на македонската цивилизација.

**Оргиите** биле незаменлив дел од дионисовите игри. Менадите изведувајќи луди танци на некој начин се подготвувале за оргијастично дружење. Оригиналното значење на поимот оргија е: тајно обожување, а потеклото води дури од камениот период, кога под оргии се подразбирале ноќните молитви, како одраз на обожување и оддавање почит на Богот. Се смета дека во почетокот сексот немал значајна улога во оргиите. Оддавањето почит на Богот и божјите особини вклучувало танц, музика, пијалак, јадење на жртвените животни итн. Но, со текот на времето групното предавање на сексуални задоволства станало неизбежно. Оргиите исто така можеме да ги сфатиме и како иницијација за плодност, односно оплодување на Богот ИЛЕ-ИЛИ со божјата Мадон. Со самиот сексуален чин и учеството на повеќемина, всушност иницираат поголема плодност, поголем расцут во секој поглед од нивното живеење. Оргијата како форма на сексуално задоволување, подоцна била наследена од Римјаните како и од безимените племиња со арапско-семитско потекло кои се доселиле на Македонскиот полуостров. Се смета дека оргиите биле најзастапени во времето на антиката. За ова сведочат многу слики направени од страна на врвните уметници во тоа време. Освен во антиката кај македонскиот народ, оргиите се дел и од други временски периоди кај македонските племиња како што се: Етрурците, Готите (Гојделик/говедарите), Келтите, итн. Но, сепак се смета дека најголемата оргија во светот се случила во Египет во храмот наречен Бубастис, каде што пред 500 г.м.е.п.п.х, учествувале 700.000 луѓе. [152]

---

[151] Дешифриран текст: „Ритуал за дождот“ Крит 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 125.

[152] http://egyptianstories.blogspot.com/2007/01/worlds-greatest-orgy-bubastis-egypt.html, пристапено на

## - ДОДОЛСКИ ОБРЕДИ

Водата извршила големо влијание на севкупниот културен развој на македонската цивилизација. „Таа очистува, напојува и освежува, го условува развојот на растенијата, ја ублажува жегата и има големо хигиенско значење. Без водата, човекот не е во состојба да си го замисли животот на оваа наша планета. Таа всушност е изворот на животот. Од неа започнува животот и со неа завршува“[153]. За божествените Македонци водата е: Божја, величествена, подарена, двигателна сила, непрекинато во од. Водата е света течност, која прочистува, просветлува, пролева, излива, оплодува, наросува, која е плодородна. Водата е пред сè создавачки елемент во кој е присутен духот божји Македон.

Пристигната од небеските височини со молњата „SE“, (после молњата се јавува дождот[154]), во вид на роса, орос, оплод. Росата пронижена од сончевиот зрак го создава виножитото што претставува око на Богот Сонце ИЛИ – ИЛЕ, преку кое пристигаат душите на Господарите – Владетели Македонци, прочистени да светат како СВЕТЦИ во облик на македонскиот дух Македон. Тивката и ситна роса полна со божјиот дух Македон, преку светите врвови планински и пирамидата „Плодна“, влегува во усните на почвата наречена АР на МАДОН. Планините и пирамидите се кондензатори и чувари на светиот дух. Големите извори на чиста планинска вода, претставуваат силен шум - омбл во облик на бел бисер - светлина на божјиот дух Македон. Затоа на изворите и реките божествените Македонци им оддаваат почит со жртва во храна и оган.

Поради сите овие вредности на водата македонскиот народ создал безброј обичаи за водата, меѓу кои се и додолските обичаи. Додолските обичаи водат потекло од историскиот период на Зета Македонија на македонскиот народ како едни од најстарите обредни церемонии[155]. Овие обреди придружени со соодветни песни, имаат една цел: магиски да повлијаат на природата, да даде дожд, кога сушата се заканува да ги уништи посевите. Песните за дождот претставуваат очигледни примери за македонската цивилизација за вековно верување во симпатичката магија, т.е дека сличното произведува слично. Интересно за овие обреди е тоа што учествувале млади девојки, наречени додолки. Правило било тие да бидат потполно невини. Главната додолка се соблекувала до појас. Телото и било покриено со лисја и цвеќиња. Задача на додолката било да игра во секоја куќа, а додека пак останатите додолки пееле песни, со тоа всушност иницирале дожд, а со дождот богат род. Една доста интересна додолска песна е следната:

Дарувајте додолето,
додолето сирачето, да
попадне темна магла, да
зароси ситна роса, да
наводи рамно поле, да си
роди бериќетот! [156]

Домаќините кои што ги пречекувале, ги дарувале младите девојки. Најчесто им давале брашно, месо, волна, но не се давало јајца. Се верувало дека јајцата го иницираат градот, што би значело уништување на посевите. Танас Вражиновски во своето дело „Македонска народна митологија“[157] вели, дека кај Македонците на Македонскиот Полуостров обредна практика „За

[153] Вражиновски Танас; Македонска народна митологија; Матица македонска; Скопје 2002 стр. 102.
[154] Дешифриран текст: „Жирафа“ цртеж-лигатура од Западна Сахара 7.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 376.
[155] Дешифриран текст: „Додолска песна“ Наска, Перу, 75.000 – 32.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 311.
[156] http://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%94%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%BB%D0%BA%D0%B0, пристапено на 04.05.2015
[157] Вражиновски Танас; Македонска народна митологија; Матица македонска; Скопје 2002 стр. 23.

време на големите суши, се изведува обредот пеперуда, односно додоле. Според некои, тоа е женска форма од името на богот Перун со удвојување на коренот, со кој се означува богот „громовник“. Коренот на зборот Перун е ПЕР што значи удира, мава, бие. Основното обредно лице пеперудата е чисто девојче, односно на возраст кога нема достигнато полова зрелост, најчесто сираче, кое се кити со зелени гранчиња. Во разни делови на Македонија има разни именувања на овој обред. Најпроширен е терминот додоле, како и негови синоними: вајвуле, ојлуле, лилјаче итн. Во врска со етимологијата на овој обред и на обредното лице има повеќе мислења. Перун – осветлува, оплодува, а тоа значи: **Подарува живот за Господарите - Владетели Македонци**. Зборот SEУС значи исто што значи и Перун. Seус осветлува, се гледа, се може, просветлува, осијава, оплодува, Seус значи: **„Со поглед оплодува усни‘‘**[158]**.** Божји Перун или, со другото име, божји Seус е божја бура, громот и молњата која ги ослободува водите и со тоа влијае на плодноста на земјата. Тој владее со Космосот, пренесувајќи го духот божји Македон, како на пример: огнот, дождот, молњата, заштитник на рибарите, укротител на бурите на морето, заштитник на куќите, љубител на правдата и мирот, најмногу се веселел на полињата со златното класје, нишано од тивкиот ветер[159]. Неговите симболи од птиците се **орелот,** а од дрвјата **дабот**. Не е чудо што македонските Господари своите круни ги изработувале со златни дабови ливчиња. Почитувањето на оваа божја карактеристика потекнува од камениот историскиот период на македонската цивилизација со континуитет до денес.[160] Со името на божјиот Перун се поврзува и билката перуника односно ирис[161].

Поракаta е јасна. Луѓето се молеле да заврне, да ги наводни посевите, со што ќе се роди плод, плодот на Богот ИЛИ и божјата МаДОНКА. [162] Познатиот рефрен во додолските песни распространети низ големата Зета Македонија е**: „Ој додо, додоле, мој божеле.“**[163] Значењето на зборот **„додоле“** до денес не е одгатнато од домашните етнолози. Според моето мислење, додолската песна би ја толкувал вака: Зборот или извикот „ОЈ“значи ненадејност, изненадување или повик, довикување на БОЖЈАТА МОЛЊА „SE“, ПЕРУН. Зборот **додо** значи: **ДО – ДО** или **ОД ДО** И **ОД ДО** што би значело: **ОД** XXI-ви март **ДО** XXI-ви јуни и **ОД** XXI-ви јуни **ДО** XXI-ви септември. Зборот **ЛЕ** значи **ЛЕЈ** или врни дожд. И ден денес во источна Македонија се употребува зборот ДУДУЛЕ или ДОДОЛЕ што би значело покиснат или мокар човек. Во кавадаречкиот дијалект во секојдневниот говор и денес се употребува во заповедна форма „ОЈ ДОДОЛЕ“ што значи: „Дојди до доле“. Овој израз е употребен во додолските песни само од Македонскиот народ распространет на пет континенти, напишан со македонските слова цутни.[164]

---

158 Дешифриран текст: „Четири црвени солзи“ Tito Bustilo – пештера во Зета Македониа Пиринејска (денес таканаречена Шпанија), 22.000 – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 250 „Рти, лиј, рој“ Франција, Niaux,13.000 – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 218.

159 Дешифриран текст: „О!!! Мил на ИЛ “ Шарков рид – Св.Николе, Македонија 400.000 – 12.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 84.

160 Дешифриран текст: „ЦУТ“ Кратово,Гравир од село Крилатица, место Пашкуљ, Македонија 32.000 г.мак.е.пред.п.христ.стр. 90.

161 Дешифриран текст: „Остов МАНАНА“, Maine SAD 4.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. 348 стр.

162 Дешифриран текст: „Свето тројство“ Пештера LASCAUX, Дордоња, Франција, 15.000 – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ. 212 стр. „ЦУТ“ Кратово, Гравир од село Крилатица, место Пашкуљ, Македонија 32.000 г.мак.е.пред.п.христ. 91 стр. „Жирафа“ Цртежлигатура Западна Сахара - Африка), 7.000 г.мак.е.пред.п.христ. 376 стр. „Молба до Богот ИЛ“ Пустина Наска, Перу, 75.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр.327 Наска, Перу, 70.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 303.

163 Пустина Наска, Перу, 75.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 311.

164 Пустина Наска, Перу, пред 77.000 г. стр. 303; „Рожба Мадона“ Шкотска Локалитет Skara Brae 3.100 – 2.500 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 255.

## - ЖЕТВАРСКИ ОБИЧАИ - ЖАНТИКА

Познато е дека уште од многу дамнешни времиња луѓето почнале да се занимаваат со земјоделство и сточарство. Започнале да ги припитомуваат и да ги одгледуваат животните. Од нив добивале месо, млеко, кожа и волна. Тие знаеле да изработуваат садови од печена глина. Првите земјоделци и сточари граделе постојани живеалишта на земја и на вода (наколни живеалишта).

Од култот кон главните создатели на животот Сонцето, духот божји Македон, земјата и пролетта, при обработката на почвата и собирањето на нејзините плодови се развиле бројни обичаи, церемонии кои што прераснале во традиција, почитувана со милениуми и милениуми. Жетварските обреди наречени ЖАНТИКА, во македонската цивилизација датираат многу одамна. Жнеењето е незаменлив дел од македонската традиција. Самото жнеење или собирање на зрнести плодови, го означува почетокот, односно подготовката за зимата. Жетвата е постапка на собирање на узреаните посеви од полињата. Целисходноста, радоста од вложениот труд, сите обредни церемонии направени во чест на плодноста се гледаат при жетвата.[165] Жнеењето и занижувањто, собирањето на плодовите, кои се важни за егзистенцијата на народот, се резултат на човековата послушност, на желбата божја, а успешната жетва е благонаклонетост на Бог кон луѓето. Тоа е чин, во кои се вклопени сите елементи на успешната комуникација меѓу Бог и човекот, при што присутна е и имитативната магија, што треба да обезбеди богат род на летнината, но и леснина при работата. Зборувајќи за обичаите, можеме да кажеме, дека песните се едни од многуте важни компоненти од македонската цивилизација. Тие жетварски песни, испеани во цутот на жетвата, се дел од жетварските обреди, или обичаи. Доколку го поставиме прашањето зошто се пееле песни за време на жетвата, ќе се сложиме со фактот дека, песната е лек за душата, а според тоа, пеењето на песните, им ја олеснувало работата. Во македонската култура има многу жетварски песни, со најразлични мотиви. Во некои се пее за тешкиот живот на селаните, во други пак, за лошата свекрва и мрзливата снаа, во трети е опишана казната божја поради непочитување на верските празници и сл.

„На зажнивање се оди на утро, кога сонцето оди нагоре и кога денот се наголемува, а не попладне кога сонцето паѓа и денот малее. Секогаш се зажнива откако ќе огрее сонцето за да е бел лебот. Притоа се внимава и Месечината да е полна или барем да има една недела откако почнала да се полни. На зажнивање се носи торба полна со леб и дуле полно вода. Тоа се прави за да се полни амбарите со жито. Со црвен конец за српот се врзува зелен босилек и пердув за да им е лесно на аргатите при работата (како што е лесен пердувот). Кога жетварките одат на зажнивање ако минуваат покрај вода (чешма, река, бразда) префрлаат преку себе неколку грсти од водата, за да не ги боли половината, да им е лесно при работата и да брзаат како што брза водата. Почетокот на жетвата го придружуваат уште некои обичаи чии корени се во имитативната магија, а кои треба на жетварите да им ја олеснат работата. Имено пред да започнат со жетвата сите аргати седнуваат за да и ја остават тежината на земјата. 'На неа тежина на нас леснина'. Откако ќе префрлат преку себе по еден грст вода, пресекуваат по еден клас од житото и го фрлаат напред за да им оди напред работата. Жетвата е придружена со песни, хумор, натпревари, со цел да се разбие монотонијата и полесно да се поднесе тешката работа како и жешкото Сонце.“[166]

Крајот на жетвата се поклопува со периодот на есенската рамноденица. Така и некои топоними, како и инспирација за лични имиња, со досега не разјаснети корени, не насочуваат повторно темелот да го бараме во фазите низ кои минува Сонцето и како сето тоа влијаело на луѓето. Пример е топонимот за градот Берлин. Првенствено Бер е син на божјиот дух Македон од македонската античка вера. Берлин означува берба или богата берба која се завршува до 21-

[165] Дешифриран текст: „Цут – симбол на македонската цивилизација„ Бело сликана цртеж-лигатура, историски временски период на Зета Македониа 4.480 – 4.250 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 117.

[166] http://www.mn.mk/kultura/4502, пристапено на 04.05.2015.

ви септември. Топоним кој го има во Македонија е Берово, а во Црна Гора Беране, во Италија Берлина, во беломорска Македонија Бер. За крајот на летото во времето на бербата на плодовите го имаме македонското име на градот Стибера, што значи: „Со твојата берба на бесконечни плодови“. Интересно е и македонското женско име Мубера што значи: „Во мојата берба“ или есен. Женското име ЖАНЕ машко ЖАН или ЖАНТИКА (жолто, жние), ја означува летната долгоденица XXI–ви јуни. Од тој ден почнуваат жетварските обредни обичаи и игри.

Обредите и обичаите, се тесно поврзани во севкупната македонска цивилизација. Тие се во нераскинлива врска со создавањето, развивањето и опстојувањето на македонската цивилизација. Тоа е така, затоа што македонскиот народ во своето битие како да го има вградено чувството да создава, а притоа да почитува, да го надоградува и развива, да го негува. Тоа е сенс, којшто не смееме да го занемариме.

**- САМОВИЛИ – демонски сили**

Народната демонологија на Македонците во следниве години зазема значајно место помеѓу истражувачите и познавачите. Посебно значајни, кога е во прашање македонската демонологија претставуваат следните суштества: самовилата, змејот, ламјата, вампирот, караконџолот, навите, наречниците, стопанот - покровител, ѓаволот, вештерките, болестите и смртта. Македонската вера, како и фолклорот не може да се замисли без да се споменат демонските суштества, а посебно самовилите. Тие заземаат многу важно место и во нашата вера, и се подеднакво важни, како во митовите, така и во приказните. Самовилите се женски битија со натприродни моќи, сили. Тие, исто така, се познати и под следните имиња: самодиви, вили, јуди, личници, перии. Но, сепак, најчесто употребувано име за овие демонски суштества е самовили. Многу истражувачи на оваа проблематика, самовилите ги поврзуваат со античките нимфи односно менади. Тоа поврзување главно се темели во верувањата за убавината на самовилите. Посебно важно, кога станува збор за убавината на самовилите, е и тоа што, покрај природната убавината што ја имале, за нивната убавина придонесувала и облеката, што ја носеле. Тие најчесто биле облечени со проѕирни фустани, но постојат и такви верувања кои сведочат дека понекогаш самовилите се голи.

Општо познато е дека самовилите се најдобрите демонски суштества во македонската вера. Тие се познати како женски битија, кои им помагале на луѓето, ги лекувале при болести и сл. Но, некои велат, дека колку што се добри, толку се и лоши. Нивната злоба потекнува главно од грешките на луѓето. Што значи тоа? Самовилите ги казнувале луѓето, доколку вршат нужда под дрво или стреа (се верувало дека тоа се местата каде што се собираат самовилите), а казната било тешка болест (најчесто епилепсија или парализа), а во одредени случаи и – смрт!

Поарно барем да умрам,
Отколку сакат да останам.
Самовилата го удри
Тамо, завал Коле, си умрел[167].

Има верување, дека самовилите имале и љубовници. Тоа биле обични луѓе, најчесто овчари. Нивната љубовна врска се чувала во тајност, а доколку се открие врската, се појавувала болест на момчето. „Самовилите поседуваат неверојатна моќ да го заведат и маѓепсаат човекот. Многу чести се мотивите на вљубување и брак со самовила. Начинот на кои се облекувале

[167] Вражиновски Танас; Македонска народна митологија; Матица македонска; стр. 173.

самовилите во проѕирна облека и раскошно развеани коси,[168] ја поцртуваат нивната небесна и демонска припадност. Луѓето, кои биле во врска со самовилите по својот изглед, биле бледи и болникави. Обично мајките или сестрите се спротиставувале на таквите односи.

Лели прашаш ќе ти кажам,
одам, мамо, у пустиња
тамо љубам посестрима,
посестрима самовила, она
ме зак’нала да не кажам
каде одам

Самовилите поседуваат и трансформациска способност, ја обожуваат музиката и танцувањето. Детето задоено од самовили поседува неверојатна јуначка сила. Понекогаш самовилите ја поседуваат моќта на плодноста и пророкувањето“[169]. Самовилите исто така, забрануваат да се работи на празник или пак во недела. Непочитувањето на празниците или неделите, строго го казнувале. За ова сведочат и песните од зборниците на Кузман Шапкарев и Константин Миладинов. Пример за тоа ни е следната строфа од песна:

Ја одврти црни очи
Црни очи од глобои
Бели раце од рамена,
Брзи нозе од колена.[170]

Самовилите се карактеризираат со двојност, односно можат да бидат добри, да му помогнат на човекот, или пак лоши, и да му напакостат. Како такви, тие се многу важни за нашата вера, и се едни од врвните демонски суштества. Нивната блискост со човекот е во тоа што тие биле крстени со имиња, на пример: Ангелина, Ѓурѓа, Јана[171], Стојна, Ерина и сл. „Во согласност со тоа како народот ги претставувал самовилите, односно во каков облик тие се покажувале, можеме да ги групираме како: самовили кои се појавуваат во облик на човек односно жена; како невидливи суштества; во вид на невидлив дух; во облик на сенка; во животински облик како пиле односно врапче, пеперутка, но и во облик на атмосферски појави како ветришта, бура, луња, но и во други митски суштества како на пример наречници и ѓаволи.

Зборот самовила или вила може да се изговори и како ФЕЈА, ВЕЛА, ВЕЈКА, ВИЛНЕЕ (глагол), ДИВА, ДИВЕЕ (глагол). Овие изрази ни укажуваат на тоа дека самовилата или вилата е ВЕТЕР или ветер што дува во смисла на невреме. Според моето мислење, ВИЛА е орудие кое е изработено од дрво. Орудието вила служи за собирање на сеното и сламата. Поради хранливите својства на собраната летина, вилата го добива епитетот ДОБРА ВИЛА. Вилата се состои од рачка, која ја симболизира Македонија, двата паралелни шилка ги симболизира Сонцето и земјата, а третиот попречен шилек го симболизира божјиот машки принцип или дух божји Македон. Всушност, овие три шилка го симболизираат светото тројство и тоа Богот Сонце ИЛИ – ИЛ, земјата Македонија - Рајот заедно со духот божји Македон. Од ова произлегува дека самовилата или вилата не е жена. Самовилата е СОНЧЕВ ЗРАК[172] кој се спушта од Сонцето на земјата како божја оплодувачка моќ. Сончевиот зрак ИЛ, како машки принцип, е основа на македонската вера, основа на создавањето на Македонија - Рајот. Поради овие најмили особини на сончевиот зрак, тој е персонифициран во умот на секој обожествен Македонец како млада и убава жена. Сончева вила среќаваме во облик на нацртан документ со димензии 1400 x 900 м. во пустината Наска Перу. Може да се погледне на стр. 316.

[168] Дешифриран текст: „Мајко, мајко“ пештера Rouffignac Франција 14.000 – 13.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 227.
[169] http://loza.mk/2012/06/samovili-makedonski/, пристапено на 04.05.2015.
[170] Вражиновски Танас; Македонска народна митологија; Матица македонска; стр. 172.
[171] Дешифриран текст: „Остров МАНАНА“, Maine SAD 4.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 348.
[172] Сончев зрак персонифициран како самовила со име ЈАНА се среќава на островот МАНАНА, Зета Македонија Прекуокеански Северен ЦУТ, во државата Maine SAD 4.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. Стр. 351.

## - ЖРТВЕНИ ОБРЕДИ

Жртвувањето е прво и основно ритуално дејство кое човекот го вршел; прва акција за посредување меѓу човекот, природата и божествените сили. Тоа има и елементарно-инстинктивен мотив, постои инстинкт за пренесување жртва, за оддавање почест на нешто поголемо од себе, со цел да се придобие и повика тоа нешто во близина, или истото да се смилостиви. Се жртвувало храна, вино, животни и луѓе.

Обожествените Македонци од самиот почеток на свесноста за себе и околината ги создаваат буквите; зборовите и верата на Сонцето, Космосот и Рајот. Жртвувањето на храна, животни и луѓе претставувало ослободување на божјиот дух. Во секоја материја во вселената и на земјата е присутен духот божји Македон. Качувајќи се на Сонцето со помош на огнот, кој служи како МАЈА (тоа е, исто така, и името на мајката на Хермес, гласникот на Господарите - Владетели од поновата македонска вера), како оплод за раѓање на повеќе души во вид на божјиот дух Македон, извршен е обредот на жртвување. Целта е враќање на земјата, повторно, со помош на сончевите зраци, реинкарнирани во друг облик на живот, но во поголем број. Концептот на ова вера го среќаваме само кај родот Македон во историскиот период во Зета Македонија, подоцна преземен од помалите племенски заедници. Симулација на оваа концепција среќаваме и при подготвување на леб како основна човекова храна. Лебот се приготвувал со брашно, вода од бисер извор планински, како дух божји Македон, и квасец, пронајден од Македонците. Исто како огнот и жарот, така и квасот е чуван како МАЈА за подготвување на леб за идниот ден. Жарот и квасецот претставувале извор на дух божји Македон, при што, жарот е симбол на црвеното изгрејсонце, кое ќе го роди денот, светлоста и топлината, а квасецот е симбол на дух божји Македон, кој се оплодува во приготвениот леб со помош на огнот, во безброј топчиња, како капки роса како ѕвезди на небото, што претставува еден микрокосмос помеѓу ѕвездите во вселената и Господарите - Владетели Македонци. Новопечениот леб топол, мек со мирисните капки роса претставува ДУШИЧКА или ДУША[173].

Има и други сознанија за целта на жртвувањето. „Жртвата се именувала со следниве изрази: **терба (треба) -** значи тоа што следува, тоа што треба; **обета** - тоа што е ветено, првобитно молитва, веројатно молба кон Богот за примање на жртвата. Местото каде што се жртвувало се означувало како требниште, додека жртвуваната храна се викала требно, а подносителот на жртвата требник. Оттука е и потеклото на некои топоними, на пример селото Требениште.“[174]

„Жртвувањето на животно т.е. принесувањето на жртва, не предизвикувало страв во заедницата, ги плашел единствено непрописно изведениот обред, кој можел да им донесе пропаст на сите. Верата налагала да и се принесе нешто на земјата, во замена на животот кој се дава. Оттука произлегува чинот на жртвопринесување. Во средиштето на македонскиот култ несомнено била жртвата. Од жртвата, исто така, не може да се одвојат и молитвата и молбите упатени кон божеството. Молитвата е изговорена, жртвата е принесена со молк, крвта и храната е пролиена, молбата е услишена, радоста е огромна. Ритуалните жртви - животните ги следела ритуална гозба, чии симболични учесници биле натприродни битија. Жртвениот обред бил едноставен чин проследен со: молитви, пеења, танц, раскажување на митски приказни и мимичко дејство, а се претпоставува дека имало и оргии. Жртвите се делат на крвни и бескрвни. Крвта е важен дел од **хтонската** (подземна) жртва, а има и многу видови бескрвни жртви, како што се жртва на вино и колач, жртва на облека, жртва на жетва итн. Најчесто се жртвувале првите плодови или пак животни. Кога станува збор за жртвопринесување на животни, на Богот му ја давале главата, срцето и џигерот. Му ги давале токму тие органи, бидејќи се сметале за центар и седиште на душата. Во обредите за жртвување, незаменлив дел бил и танцот. Група луѓе, формирале поворки, понекогаш изведувана од мажи, а понекогаш од жени“.[175]

[173] http://www.cdnh.edu.mk/multimedija2006/Skopje_Muzej_Kameno_Vreme/Skopje_Muzej_kameno_vreme/pecka.htm, пристапено на 04.05.2015.
[174] http://philologicalstudies.org/dokumenti/2008/vol1/3/3.pdf, пристапено на 04.05.2015
[175] Вражиновски Танас; Македонска народна митологија стр. 268.

Значајно за човекот од историскиот период на Зета Македонија и жртвопринесувањето е што првобитно, во овој обреден чин, се принесувало **УЈАМ** (или: **УЕМ**) т.е**.** дар врз жар - жртва. Тоа се правело на одредени места или светилишта**,** за да се слушнат и остварат човековите желби од Богот Сонце ИЛИ - ИЛЕ. Жртвата била некое животно или храна. Овој ритуал и пред сѐ зборот УЈАМ го среќаваме во многу споменици на културата, текстови обработени во книгава и кој се практикува и до денес[176]. Во Хрватскиот јазик, терминот УЈАМ и денес се користи, што значи ЈАМСТВО или гарант, аванс, гаранција или капар. Жртвените обреди, коишто водат потекло од Македонците од историскиот камен период, се основа на сите подоцнежни религии.

Практикувањето на жртвениот обред во христијанството, најчесто е поврзано со некој православен празник. „Според православниот календарски принцип, обредите на жртвопринесување во најголем дел е врзано за празниците посветени на Св. Ѓорѓи (Ѓурѓовден), Св. Илија (Илинден) и Св. Димитрија (Митровден).[177] Во исламот исто така има жртвопринесување на денот на доближувањето до Алах (Курбан Бајрам). Тоа е денот кога се принесува жртва, се прави курбан, т.е. се коли јагне, овен и сл. и им се дава на сиромашните, соседите и роднините.

Покрај овие две најзначајни и најмасовни религии, односно религии со најмногу приврзаници, обреди на жртвопринесување имаме и во другите помали религии како што се будизмот, јудаизмот, шинтоизмот итн, кои водат потекло од исконската македонска вера.

## IV.3. МАКЕДОНСКО ПРОСВЕТИТЕЛСТВО

**„Светиот Кирил го даде божјото слово на сите народи"- Св. Климент**

За да ја започнеме приказната за македонското просветителство и неговото значење за македонскиот народ, како и за луѓето од целиот свет, треба да се спомене значењето и толкувањето на еден од македонските симболи со зооморфен облик – петелот. Особено значајна е ономатопејската форма на неговата песна, како и симболичното значење на петелот како животно и што ја изразува неговата светост.

Петелот секаде низ светот ја пее истата песна. Секој регион си има своја ономатопејска форма за петловото пеење. Луѓето најчесто го изговараат како „КУКУРИКА". Според моето мислење, тоа е сосема погрешно, бидејќи за кукавицата велиме дека КУКА. Овој збор изразува оплакување, кукање или смрт. Во песната на петелот се чувствува гордост, тврдоглавост, храброст како и будноста на очекувањето на изгрејсонцето. Кикирикањето на петелот го означува светнувањето на секое ново утро, тоа е симбол на секојдневната победа на светлината над темнината и триумфот на доброто над злото.

Петелот со својата круна го симболизира црвеното изгрејсонце и победа на светлината врз темнината. **Го симболизира првиот сончев зрак кој го формира словото божјото „I" = И и првата цифра „I" = 1 (ЕДЕН со значење - се разденило).** Првиот сончев зрак осветлува и оплодува, а тоа значи дека тој е божјиот машки принцип. Првиот сончев зрак на врвовите на планините, кои претставуваат набљудувачници и култни места, се локациите каде ќе биде прог-

[176] Дешифриран текст: „Дух божји Македон - сказалка на времето" Билзингслебен (Bilzingsleben), Зета Мадонија – Мадониа, Лужице (денешна Германија), пред 400.000 г. Стр.184 „Зета Македониа и нашиот ИК'Т Зет", Зета Македониа Македонски полуостров, пештера Виндија (денешна Хрватска стр. 151 **„**Орелски канџи" Combe Grenal, Франција, 90.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 248. „Свето тројство" Пештера LASCAUX, Дордоња, Франција, 15.000 – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ. 212 стр.. „Ритуал за дождот" Крит 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 125. „Дух божји Македон – Вселен", Денешна територија на Сирија 6.000 – 4.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 287. „Орфеј со окото на божјиот поглед Seyc" Третиот преоден период. (1.069 – 664 г.мак.е.пред.п.христ.). Египетски антиквитети Лувр, Париз. стр. 387.

[177] http://www.kralemarko.org.mk/default-mk.asp?ItemID=5ED01596F998A04C906C8721F9E4CAE8, http:// philologicalstudies.org/dokumenti/2008/vol1/3/3.pdf, пристапено на 07.05.2015.

ласен новиот владетел ЗЕТ, кој ќе стане осијан, осветлен, просветлен, светол како Сонцето и прогласен за божество Сонце на Земјата.

Според моето мислење, песната на петелот треба да се изговори „киКУРИКУ“ или „киКИРИКУ“. Значењето на зборот е крик или повик на Сонцето, како оплодувач (кур) и просветител или КИРИЛУ, со значење ИЛ – ИЛУ или ПРОСВЕТИТЕЛ. Оттука доаѓа светото име на нашиот просветител Св. Кирил, кое е само персонифициран облик на цела една концепција.

Според преписи од химнографски дела на св. Климент, Скопскиот празничен минеј од почетокот на XIII-ти в. (НБКМ 522), пронајден во село Кучевиште, кој се чува во Софија пишува: **„Светиот Кирил го даде божјото слово на сите народи“.** Оваа изрека не се однесува на нашиот просветител Св. Кирил од Солун. Констатацијата е едноставна, Св. Кирил со сигурност се знае дека не патувал во Азија, Африка, Америка и Австралија за да може да го пренесе светото слово и на тие региони. Меѓутоа, самиот термин „КУРИЛО“ или „КИРИЛО“ е со изминат временски период од најмалку 400.000 г. и го има значењето: ОСВЕТЛУВАЧ, ОПЛОДУВАЧ, ПРОСВЕТИТЕЛ. Тоа е божествениот народ македонски, распространет на сите пет континенти, кој со својот Богот Сонце ја шири просветленоста и на другите племенски заедници, наметнувајќи го своето писмо, јазик, култура, уметност и вера. Со карактеристики како ОСВЕТЛУВАЧ, ОПЛОДУВАЧ, ПРОСВЕТИТЕЛ, петелот ја има моќта исто како и ИЛИ, кој го создава животот, тој да го најави денот, а со тоа да ги „просветли” луѓето дека со појавувањето на првиот сончев зрак се појавува и првото слово „И“. Тој е медиум, гласник и посредник меѓу Богот Сонце ИЛИ – ИЛ и Господарите - Владетели Македонци. Низ историјата среќаваме гласници на Богот, кои воедно може да се класифицираат онака како што се согледани од дешифрираните текстови, а тоа се ИСУС И ХЕРМЕС, гласници преку кои се персонифицираат одредени законитости во природата и кои согласно со неа го „најавуваат“ Богот/Сонцето/словото на луѓето.

Несомнено, низ светот, петелот симболично е прифатен како животно, кое носејќи ги овие особини се провлекува долги години низ историјата, наоѓајќи го како заштитен знак и национален симбол.

Петелот е неофицијалниот симбол на денешна Франција. Како симбол, се користи и како украс на камбаните во Франција од почетокот на средниот век, а се појавува и на знамињата за време на револуцијата[178]. Изборот на петел како француски симбол датира од падот на градот држава Рим, за време на создавањето на Галија, кога римскиот историчар Гај Ситониј Транквилиус (Gaius Suetonius Tranquillus) во делата со дванаесетте биографски текстови (De vita Caesarum)[179] , за Јулије Цезар ја забележува истозвучноста на латинските зборови gallus петел и Gallus Гал. Во Франција, како и во регионот Валонија (француската заедница на Белгија), ономатопејската форма на песната на петелот (Cocorico) понекогаш се користи како израз за национална гордост[180].

Петелот исто така се забележува и како универзален соларен симбол низ целиот евроазиски регион, блискиот и средниот исток, како птица предвесник на зората, која со своето кикирикање ќе ги растера лошите духови, како што светлоста на денот го растерува мракот. Почитувањето на петелот во Источна Азија е широко распострането, особено во Јапонија и Кина, каде петелот е десеттиот од вкупно дванаесетте знаци во зодијакот[181]. Во Кина постои и пролетен фестивал наречен Hanshi, каде петелот исто како и Сонцето/огнот се смета за јанг симбол и симбол на Сонцето.

„Во 2013 во центарот на Лондон, на плоштадот „Трафалгар“, поставена е џиновска скулптура на син петел, со висина од 4,7 метри. Скулптурата сместена пред Народната галерија е наречена „Hahn/CoCk“. Името има двојно значење, петел и пенис, и ја симболизира машката доминација во Велика Британија. Синиот петел, е замислен како весел контраст на сериозните бронзени статуи на кралеви и генерали, кои доминираат на овој простор. Сепак, делото содржи и доза хумор, бидејќи сината боја и петелот се симбол на Франција, а е поставена на место што ја слави победата над Наполеон.[182] ”

---

178 http://www.ambafrance-us.org/spip.php?article604, пристапено на 04.05.2015.

179 http://en.wikipedia.org/wiki/Gallic_rooster, пристапено на 04.05.2015.

180 http://en.wikipedia.org/wiki/Gallic_rooster, пристапено на 04.05.2015.

181 http://japanesemythology.wordpress.com/rooster-symbolism/, пристапено на 04.05.2015.

182 http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=72913942142&id=16&setIzdanie=22940, пристапено на 04.05.2015.

## V. ВРЕМЕ БЕСКОНЕЧНО КАКО МАКЕДОНСКА ЕРА

Време? Што всушност претставува времето? Можеме да кажеме дека нема точна, прецизна дефиниција за време. Ни најголемите филозофи не знаат точно и прецизно да го објаснат времето. „Тоа е она што се мери со часовник“ - рекол Аристотел.

Времето во смисла на физичка единица, често нарекувано и **Њутново време**, всушност, ја опишува идејата дека времето е движење по една линија[183], а тоа можеме да го споредиме со оној начин на кој е создадена вселената. Или како што вели Ајнштајн: Времето **е непрекинато – постојат бескрајно** мали интервали во секое време[184]; Времето на создавањето на вселената, времето на создавањето на човештвото е безвременско, бесконечно, времето **е без почеток и без крај**, **ВРЕМЕТО Е ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН**. Тоа се движи по права линија, на оска при што не запира, се движи бескрајно. Духовното време или пак времето на духовноста, е време коешто се создава од почетокот на нештата, оставајќи трагови зад себе, но не запирајќи го својот тек. Тоа време не може да се запре, тоа духовно време е бескрајно. Времето на духовноста, или времето претставено од духовна смисла, не може да запре, не може да стивне, тоа е бесконечно. Бесконечноста на духот, можеме да ја аргументираме со реинкарнацијата. „Реинкарнација, буквално значи повторно да се родиш во тело. Се смета за доктрина или метафизичко верување дека некој основен дел од живото битие (во некои варијации се однесува само на луѓето), после смртта сè уште живее и се раѓа во ново тело. Овој основен дел најчесто се нарекува БОЖЈИ ДУХ МАКЕДОН, или душа МАКЕДОНСКА, повисоко јас, или вистинско јас, божествена искра или едноставно **ЈАС МАКЕДОН**. Терминот „јас“ е лична заменка во еднина. Според ова верување, во текот на секој живот во физичкиот свет се добива нова личност, но е дел од „јас Македон“, кој е постојан во текот на сите животи, таканаречени инкарнации“.[185] Безвременоста пак, можеме да ја сфатиме како незапирлив тек на нештата, нешто што започнува, а не завршува. Таа безвременост е во нераскинлива врска со македонската цивилизација.

А вселената... Што е вселената како поим? Науката ја дефинира како бескраен небесен простор, кој постојано се шири и е исполнет со ѕвезди и други небесни тела. Вселената или Космосот, како и времето и љубовта се бесконечни.

Една од доста значајните теми, на коишто ќе се задржиме во ова кратко истражување за времето и неговата бесконечност на македонската цивилизација, претставува бесконечната љубов кон саканата. Оваа тема носи односно претставува сеење среќа, или поточно кажано „каде што сееш љубов, никнува среќа.“ Тоа сеење на љубов, или никнување на среќа, во бесконечното време, љубовта кон спротивниот пол, врска или наклонетост на еден кон друг, во едно време кое не можеме да го ограничиме, време за кое не можеме да кажеме дека ќе запре, тоа е време на **денот на пролетта** наречено КРШТ или КРСТ. Таа бесконечност на љубовта, или тоа бесконечно време, како што вели Шекспир, љубовта е активна сила на природата, сила што ги урива ѕидовите што го раздвојуваат човекот од неговите блиски, сила која се соединува со другите, претставуваат или го запечатуваат времето на љубовта во бесконечноста.

Овде ќе ја опфатиме и темата на бесконечната љубов кон родителите. Љубовта кон мајката SЕмја и Сонцето и неговиот зрак Ил, има значајна нераскинлива врска, неограничена со време. Не може да згасне, да замре, љубовта кон родителите, мајката родилка Македонија и таткото Сонце Илија. Ако се навратиме на создавањето на Дон (цутот), а потоа и на духот Македон, па сè до безбројните цареви (Господарите – Владетели Македонци) ќе увидиме дека тие меѓусебно се поврзани, меѓусебно претставуваат или ја обележуваат и ја потврдуваат љубовта на родителите. Таа роднинска врска, не може да се запре со времето, таа е бесконечна. Македонецот во себе ја има, како од Бог благослов пратен, љубовта кон народот, љубовта кон сè посто-

183 Дешифриран текст: „Линија на вечниот живот“ Романија, 6.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 170.

184 http://www.nobelprize.org/nobel_prizes/physics/laureates/1921/, пристапено на 04.05.2015.

185 http://www.blavatskytrust.org.uk/html/wr_reincarnation.htm, пристапено на 04.05.2015.

ечко и непостоечко и соединувајќи ги сите тие компоненти, тој останува или пак се впишува во едно време, во времето што нема граници, времето на бесконечноста.

Кога веќе кажавме за бесконечноста на времето, бесконечната љубов кон родителите, родот, можеме да се согласиме со фактот дека и љубовта кон науката, уметноста и традицијата се исто така тесно поврзани или пак ја иницираат љубовта кон бескрајот и бесконечноста. Кога е во прашање науката, сведоци сме на голем број научници, кои го жртвувале својот живот за науката. Тие на некој начин се жртви на општеството, или поинаку речено, својот живот го посветуваат на науката, целосно се оддаваат на тој свет, на светот наречен наука. Таков е Никола Тесла (преку таткото Македонец од Велес), кој си го жртвувал животот за науката. Слична компарација можеме да направиме и со луѓето, коишто својот живот го посветуваат на спортот. Самите Олимписки игри, коишто се одржувале во пролет, го иницираат раѓањето на плодот, спојот на божјиот зрак ИЛ со ѕемја Мадон.

Љубовта кон уметноста исто така, не смееме да кажеме дека може да згасне, да исчезне за миг. Таа љубов е закоравена во сржта на уметникот и не може да избледе, не може да исчезне. Љубовта на уметникот кон својата уметност е безвременска, а делата на уметникот бесконечно остануваат или стануваат вечни.

Зборот вера означува учење за создавањето на божеството со сите негови божји карактеристики, раѓањето на живата природа во која се наоѓаат и божјите синови. Верата е учење на Божјите светци Господарите - Владетели Македонци, особено од искона од почетокот на македонската ера, ерата на Зета Македонија која трае сè до денес. Учењето на Господарите – Владетели Македонци и нивните херои, сознанијата за нив, а потоа нивното воздигнување и величење како божества, е безвременско. Чувството на заштитеност од душите на тие Македонци, качени на Сонцето за прочистување на божјиот дух Македон што е, всушност, реинкарнација на Господарите - Владетели Македонци во светци – **СВЕТЛОСЕН ЗРАК ИЛ**, е нераскинливо. При згаснување на тоа чувство, би можело да дојде и до откажување од самиот живот. Затоа љубовта и чувството на заштитеност од светците – СОНЧЕВИТЕ ЗРАЦИ, е безвременско односно трае вечно. Без љубовта, како и без воздухот и водата, ние не би можеле да живееме. Затоа, вреди да се обидеме да ја откриеме суштината на љубовта, да откриеме што е тоа љубов.

Да се трага по љубов, најпрвин треба да ја почувствуваме и откриеме љубовта во себе. Да сакаш некој или нешто, значи дека најпрво треба да се сакаш самиот себеси. Тогаш кога престанува љубовта кон себе, тогаш кога престанува и надежта, престанува и животот. Да се сакаш себеси, значи да живееш, а да живееш значи да бидеш безвременски ограничен. Денот кога зетот го прима словото или умот божји е денот што ја претставува суштината на нашето постоење, на народот македонски. А, тоа е соодност на љубовта помеѓу таткото, мајката и синот. Бог е болка за живот или животот е болка, љубов и жртва.

Чувството на единство или солидарноста, кое е засновано на заеднички интереси, цели или претпочитувања на луѓето, е исто така многу важна компонента кога е во прашање времето и неговата бесконечност. Ова можеме да го поврземе кога е во прашање солидарноста при војна, смрт или пак патриотизам. Чувството да се сака другиот, да се почитува, да се воздигнува и охрабрува, се појавило со појавата на човештвото, и ќе го има и сè додека сушествува човекот. Тоа чувство на единство или солидарност, нема време, нема ограничување, е и ќе биде.

Сето ова кажано за времето се однесува за ИМЕТО, името како припадност, името како КОД, лично, општествено и вселенско за СОЈОТ, РОЈОТ, РОДОТ македонски и МАКЕДОНИЈА – РАЈОТ на земјата и вселената. Името свето и световно. Кое е тоа име, бесконечно временски неограничено, со крв чувано и до денес опеано и од пред милион години со светите слова написано, тоа е името: „М А К Е Д О Н И Ј А“. Бесконечно од силите на мракот оспорувано, од браќата продавано, бришено и откажувано како свое.

Името е круна од лисја дабови, која ја носиме цел живот, од почетокот на нашето битисување, па сè до нашата смрт. Никогаш нема да го дознаеме почетокот и крајот на ова крунисување исто како и почетокот на времето, зошто и двете се бесконечни и двете се во нераскинлива врска со просторот во кој се раѓаме, суштествуваме, живееме и умираме.

## VI. ПРЕГЛЕД НА МАКЕДОНСКИТЕ ПИСМЕНИ СПОМЕНИЦИ

„Историјата својот век си го започнала од самиот почеток, а не само со Херодот. Па, токму затоа авторот Ј.А.Шилов во „Праисторија на Русија“, Екатенбург, 1999 г. запишал: - Ниту историјата почнува со Грција и Рим, ниту татко на историјата е Херодот. Тоа се искривени културни стереотипи претворени во традиција, која го оневозможува откривањето на вистината. Пред нив има уште милениуми историја.“[186]

„На почетокот од 90-тите години, мнозинството од научниот свет ја застапува идејата дека Европа била населена пред околу 500.000 години. Во 90-те години се сметало дека најстариот човечки фосил е пронајден во 1907 година близу Хајделберг, Германија, со проценет изминат временски период токму од 500.000 години.“[187] Подоцна се откриени и остатоците во Зета Македонија Нанија (денес наречена Франција, Montmaurin, Arago), Беломорска Македонија (Петралона), Зета Македонија Островска (денес наречена Велика Британија, Boxgrove, Swanscombe, Pontnewydd) и Зета Македонија Пиринејска, (денес наречена Шпанија, Sima de los Huesos in Atapuerca) за кој се вели дека најстариот пронајден фосилен остаток според најновите истражувања со изминат временски период од 800.000 години. Проучувањето на фосилните остатоци во Зета Македонија Пиринејска, оставиле значително влијание за констатацијата, дека луѓето во Зета Македонија Европа е автохтон народ, со денес познато датирање од 780.000 – 120.000 години.

Временскиот период од кога датираат најстарите регистрирани материјални и фосилни остатоци, според многуте истражувачи и нивните претпоставки, потекнуваат од пред 3,5 милиони години.

Во врска со познатите теории за населувањето на човекот, најдоминантна е теоријата дека човекот почнал да ја населува Европа тргнувајќи од Африка. Според моето мислење, ниту Зета Македонија Европа некогаш била ненаселена со луѓе, ниту пак луѓето во Зета Македонија Европа дошле од некаде.

Територијата на Зета Македонија Европа, како и на другите континенти, била населена со божји деца МАКЕДОНЦИ од секогаш, комуницирајќи меѓусебно преку копнени и водени патишта, со тоа што, населението на Македонскиот Полуостров (наречен Балкански) и Македонија како центар на светот и извор на светската култура, писмо и јазик од секогаш бил клучен фактор за појавата и ширење на тие цивилизациски достигнувања кои течат до денес. Ние имаме една хронологија на непрекинат континуитет на македонски јазик и македонска писменост, најмалку од 400.000 г. и првично-исконски облик на владеење – **Зетување**[188] во Великата Зета Македонија која трае сè до почетокот на христијанството.

Со почетокот на христијанството кое се темели врз македонската монотеистичка вера, за светската историја започнува таканаречената нова или наша ера, термин употребен од научниот свет без никакво значење.

Ерата со која човештвото го досега врвот и од кога се крои историјата на светот е ерата кога Господарството Зета Македонија ги воспоставува темелите на писменоста, верувањата, науката и општествениот живот. Тие темели се уште цврсто стојат и на нив опстојува и се надградува она што започнало со народот Македон. Токму затоа не постои пред наша ера и наша ера, ЕРАТА Е ЕДНА. Таа ера е ерата на народот Македон, таа не застанала за да застари, таа трае до ден-денес, а поделбата е единствено можна како пред и по појавата на христијанството со цел да имаме јасна претстава за кој период говориме. Големината на божјиот син Македон, големината на неговиот ум произлезен од таткото негов Сонцето Или,

[186] Д-р Ристо Ивановски, АНТИЧКА=ЕТНИЧКА МАКЕДОНИЈА

[187] http://www-personal.umich.edu/~feliks/bilzingsleben-series-prt2-early-language/index.html, пристапено на 04. 05.2015.

[188] Дешифриран текст: “Sет Пилиос со симболот на светото тројство коњот‘‘ Зета Македониа Нанија Grotte du Sorcier, (денешна Франција), 15.000 - 8.000 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 210.

големината на неговата мајка Македонка – заштитничка, големината на македонската историја за среќа одродените Македонци не можат да ја уништат.

Македонскиот народ, свесен за потеклото на сопствениот ген, сој и род „ЛавРОД“ а со огромна почит кон својата Мајка родилка ЗЕМЈА и удостоен од својот Татко Сонце, своето име го добива токму од тие светости. На тој начин, луѓето стануваат обожествени, обожествени Македонци, бидејќи се свесни за значењето, светоста и припадноста на името, бидејќи Сонцето, Големата Мајка и самите тие како деца божји, имаат за цел да го зачувуваат тоа свето име од сопствените одродени браќа, и да го пренесуваат на идните генерации. Со високи уметнички вредности, со скриените пораки во вид на лигатури, името на Божјата држава М А К Е Д О Н И А и државотворниот народ МАКЕДОН – МАКЕДОНСКИ, од искона било и ќе биде доказ за вековниот стремеж тоа име да опстане. Нам ни е дадена света должност.

Писмени докази за јазикот, науката, културата, верата како и сопственото име се среќаваат на сите пет континенти. Писмени докази за тоа дека името се среќава на запис кој потекнува за сега од пред најмалку 130.000 г. Оригиналното име на државата е МАКЕДОНИА, што е воочлив пример за отсуство на буквата „Ј“.

Државното уредување е ЗЕТА, бидејќи со тоа име е искажан односот Богот Татко и неговите персонификации во контекст на верата, а во согласност со јазикот. Тоа значи дека државата се нарекува ЗЕТА МАКЕДОНИА или Господова МАКЕДОНИА.

Па така, насекаде во моето понатамошно излагање, името на нашата држава се среќава како **МАКЕДОНИА**.

Исто така, поради комплексноста на материјата, а за нејзина презентација, се среќаваат разработки на истата тема и мотив кој се провлекуваат повеќепати низ страниците на книгава. Тоа не е случајно...

**ЗЕТА МАКЕДОНИА ЕВРОПА**

**ЗЕТА МАКЕДОНИА РАЈОТ**

**01. „Мегалитски ѕид Македон“** Свети Николе, Македониа, 400.000 години македонска ера.



Сл. 44 Мегалитски ѕид „ДУХ БОЖЈИ МАКЕДОН“.

Мегалитскиот ѕид на планината Богословец (сл.44[189]) е еден од најстарите на светот. Функционално-практичниот мотив на изградбата на ѕидот не се знае, но пораката која ни ја соопштува е јасна. Ѕидот претставува научно, уметничко, вајарско, архитектонско, конструктивно и сеизмичко ремек дело. Тој е пишан документ, порака за моќта на умот и верата на градителот. Ѕидот претставува ДУХ божји Македон, кој преминува преку виножитото кое го претставува патот кон рајот. Тој е изразен низ линијата на вечноста и бесконечноста.

Богот Сонце ИЛИ, неговото око, сончевиот зрак, росата, виножитото, оплодот, оросот, распрснати околу планината, за да ја оплодат божјата земја сестра и жена МА. Мегалитскиот ѕид е божјо дело, или дело на Господарите - Владетели Македонци. Малку познатиот македонски раритет „Мегалитскиот ѕид Македон“ се наоѓа на петнаесетина километри јужно од Свети Николе, на јужната страна на ниската планина Богословец и покрај самиот десен брег на реката Брегалница.




Сл. 45

[189] http://mkd-news.com/gavolski-zid-makedonskiot-kineski-zid/, пристапено на 04.05.2015.

Мегалитскиот ѕид Македон, - ќе запише во своите спомени, д-р Александар Балабанов, познат класичен филолог и универзитетски професор во Лајпциг – „е чудо какво нема во светот". Кога во веќе далечната 1970 година, познатиот археолог од Белград, Милутин Гарашанин, случајно наишол на овој Ѕид и восхитено изјавил: - „Ова е неверојатно! Ова е генијално дело, сеедно дали на природата или на човекот! Ова е светско чудо! Овој импозантен ѕид е изразито забележителен во должина од петстотини метри во правец на протегањето на Богословец и вдолж десниот брег на Брегалница, а неговите траги можат да се забележат дури и пет километри кон запад. Траги од ѕидот можат да се забележат и на левиот брег на Брегалница кои асоцираат на единственост на ѕидот. Просечната височина се движи од десет до дванаесет метри, а широк околу два метри. Градбата е изведена со камени блокови со просечна зафатнина од четири кубни метри, а помеѓу нанесените камења се наоѓа тенка, црвеникава врзивна материја, вешто нанесена од умешниот градител."[190]

Претставата за силата на духот Македон, реинкарнирана, огромна, цврста и моќна, неуништли-ва, вечна и незапирлива, најчесто во облик на лигатура, е претставувана на земја, камен, коска и теракота. Една од највеличествените претстави на духот божји Македон, со огромни димензии, од Господарите - Владетели Македонци, е токму ѕидот МАКЕДОН во Македониа, како и ѕидот во Куско и Наска линиите во Зета Македониа Прекуокеански Јужен Цут.

Долгиот пат на **сончевата светлост,** како ЕЛЕН и оплодувачката моќ, како АТ и БИК, како **ветер вселенски** и столб и оска на вселената, тоа е, всушност, **дух божји Македон**. Македон е **миг - опивка** на ЦУТОТ на денот XXI–март, за МА (**Ѕе**мјата) да биде **МАКЕДОНКА** - оплодена. Чинот на оплодувањето е проследен со патот на сончевиот зрак низ капките роса, разложен во боите на цутот - виножито, како божја семенка кои паѓаат на ѕемјата и влегуваат во усните на МА на АР како дух божји Македон.

**02. „Солзана"**

Големата Мајка, мегалит од околината на Прилеп – Македониа, 400.000 години македонска ера.

Монументалната скулптура на Големата Мајка со три лица висока 67 м. се наоѓа на Селечка Планина во Македониа, во насока на исток од градот Прилеп, на три километри источно од село Селце.

Скулптурата произлезена од божјиот природен тек за создавањето на Македониа - рајот, дооформена со раката на обожествениот Македон, рамноправен на својот татко, доминира во просторот каде е поставена. Господарите - Владетели Македонци со високи уметнички квалитети, со скриени пораки во стилот на божјиот Хермес, ни ја презентираат македонската монотеистичка религија на Големата Мајка, Бог Сонце и вселената.

Скулптурата во книгава е насловена „СОЛЗАНА", мислејќи на божјата „солза" што претставува божји сончев зрак. Бог Сонце со неговиот диск како божјо око се гледа. Божјата солза е капка роса, која пристига од сонцето преку месечината. Солзата светла но студена, ја наросува вкупната жива природа на Земјата во вид на утринска роса. Таа светлина претставена е со самовилата „Солзана" (Ана, Јана).

Скулптурата во себе крие три пораки - три лица. Првото лице (сл. 47) е лице со израз на болка кое моли за изгрев на сонцето. Моли и за мигот на оплодувањето. Второто лице (сл. 48) го симболизира сончевиот зрак, како самовила Солзана. Нејзиното лице ги искажува следните зборови: „Јас и Сонцето во пролетта, со божјата семенка, утринската роса, осветлена со сончевте зраци, Бог е во мене". Третото лице (сл. 51) е израз на божјата МА како оплодена, со китка накитена, круна од златно-жолти цвеќиња на главата. Таа е породена - облизната во раст и милувана од сонцето. Таа е обожествена Македонка, родилка на рајот Македониа. Солзана е Господарка која бдее над своите деца, заштитничка на куќата и Македониа.

[190] http://www.womsvetinikole.org.mk/GavolskiZid.HTM, пристапено на 04.05.2015.




Сл. 46 **„Поглед кон Сонцето“**
Turdas, Зета Мадонија (денес Романија),
4.500 г.мак.е.пред.п.христ.
„БОГ ЛИЕ СОНЧЕВИ ЗРАЦИ-ОПЛОДУВА.
ЈАС МОЛАМ ЗА ПОРОД“.
(Се мисли на оплодувањето на Божјата МА) Стр. 114



Сл. 47 Солзана и божја Кокинка со поглед и молба кон Бога.




Сл. 48/1 (Фотографија Ѓоре Ценев).



Сл. 48/2 Самовилата СОЛЗАНА.



Сл. 49 „С‘БРНО“ Зета Мадонија,Павлов, (денешна Чешка)
29.000 – 25.000 г.мак.е.пред.п.христ. Реконструкција М. Герасимов.


СОЛЗАНА

Солзо моја бистра светиш од месечина.
Изгрев болка востаничка.
Грееш срце, самица Македонија.
Солза радосница.
/Божја Солзана, на Зета Македонија/2х

Свети писмо, свети ум, Свети Наум.
Свети слово од учителот.
Слово од учителот, Свети Кирило,
Солза радосница.
/Божја Солзана, на Зета Македонија/2х

Ум и светлост,а и слово македонско.
Шири РАЈОТ Македонија.
Шири слово Солзана, реч Господова,
Солза радосница.
/Божја Солзана, на Зета Македонија/2х

Сл. 50 Текст на песната Солзана..





Сл. 51, 52 Мајка заштитничка и господарка на Зета Македонија.




Сл. 53 Нотен запис за песната „Солзана“,
Сашо Ливрински - Лаврод (музика), Бранко Сотировски (текст) и Сузана Спасовска (соло глас).

## 03. „СТОЛОТ НА БОЖЈА КОКИНА“

Набљудувачница Кокино, Македониа, опстојува од 400.000 – 1.917 г.мак.е.пред.п.христ.

Во 2001 година во Македониа, под планинскиот врв Татиќев Камен во општината Старо Нагоричане, е откриен археолошкиот локалитет Кокино. Артефактите кои се пронајдени на тој локалитет, докажуваат за митскиот карактер на планината, нејзината светост и постоењето на набљудувачница. Според денешното сознание, локалитетот потекнува од пред 1.917 г.м.е.п.п.х, а користен е во континуитет од Македонците, сѐ до седмиот век. Во 2005 година, НАСА го стави Кокино на четвртото место на листата со најстари и најважни астрономски опсерватории на светот.[191] Во Источна Европа, Кокино претставува еден од најмаркантните и најубавите објекти како набљудувачница, меѓу другите откриени и неоткриени набљудувачници, како на пример Цоцев камен – Кратовски регион, или пирамидата Плодна на планината Водно, во близина на главниот град на Македониа, Скопје.

Меѓу другото, на локалитетот е лоцирана централната точка за набљудување на небесните тела, како и седум маркери, изработени во вертикалните андензитни карпи, со кои се означувале местата на изгревање на Сонцето и Полната Месечина. Набљудувачницата служела за изработка на лунарен календар во циклус од деветнаесет години. Во наше време, еден таков циклус почнува во 2006 год. За прв пат во светот е пронајден маркер од камен за одредување на лунарниот месец, зимски од дваесет и девет дена и летен од триесет дена. Одбележувањето на изгревањето на Сонцето и на Месечината, со извонредна прецизност ги утврдувале местата на Сонцето во денот на долгодневицата, пролетната и есенската рамноденица, минималното и максималното отстапување на Месечината во зимскиот период и слично. Се набљудувало затемнувањето на Сонцето и Полната Месечина во циклус од педесет и четири години и триесет и четири дена. Пред да стане набљудувачница, се смета дека била света планина како пирамида на Сонцето, на која се негувале повеќе култови: култот на Големата Мајка божја, култот на светиот спој меѓу мајката земја и Сонцето, покрај другото и чин за прогласување ЗЕТ И НЕВЕСТА. За таа намена на врвот на планината се наоѓаат најстари, во светски размери, камени престоли. Зетот бил персонификација на Богот Сонце ИЛИ - ИЛ, Господар - Господ на земјата и владетел.




Сл. 55 Камен налик на столица/престол со димензии 55x60x45 см.

[191] http://kokinomk.wordpress.com/, пристапено на 04.05.2015.

Карпестиот планински врв се персонифицира и како тело или пирамида на божјата МА. Служела за пренос на материјалната енергија од Земјата кон Сонцето. Тоа се случува кога на запалена клада, телото исто како и душата, преку двете пирамиди и сончевите зраци, духот божји Македон од принесената жртва, отпловува кон Сонцето за прочистување и повторно се враќа назад преку АЅИЛ'К - виножито и пирамидата на Сонцето, пристигнувајќи преку врвот или маркерот кој претставува божјо око. Запалената клада била и знак и сигнал, со кој се објавувале одредени значајни дати во големата Зета, проглас за одредени периоди, кои се дел од еден циклично процес, како на пример новата година, започнувањето на пролетта и рамноденицата итн. Тоа се случувало симултано, истовремено преку сите други помали набљудувачници или светилишта.

Покрај престолите на Господарите - Владетели Македонци, во Кокино има и помали столчиња за божјите Кокинки, тоа биле божји Мадонки, кои ќе бидат оплодени од сончевите зраци (зраците на господовиот поглед на Зетот). На едно од столчињата е пронајден натпис кој гласи[192]:

Транскрибирано на современ македонски јазик, на столот, од десно кон лево, пишува:

„СИНОТ ГОСПОДОВ Е СО МЕНЕ".

И од лево кон десно**:**

„СО МЕНЕ СО ДУХОТ БОЖЈИ МАКЕДОН ЗАЕДНО СО ИЛ И СИНОТ, ГОСПОДАРОТ – ГОСПОД МАКЕДОНЕЦ Е ВО ТЕБЕ".



Сл. 56 фотографија од набљудувачницата Кокино во Македониа, комбинирана со теракотна фигура на Божица, Пазарџик Караново, (денес наречена Бугарија) 5.000 – 2.000 г.мак.е.пред.п.христ. со големина од 18,4 см.



Сл. 57 Камени престоли.

На Кокино[193] се одвивал и чинот на прогласување зет. Македонците при прогласувањето на нов зет имале свои правила. Зетувањето се пренесувало од татко на син. Синот во одреден период од неговиот раст, кога бил црвен, семен или зрел, стасан за зет како персонификација на Богот ИЛИ на денот на пролетта, 21-ви март во присуство на невестата како персонификација на божјата МА и во присуство на сведоците: кумот и старосватот, лунарот и записничарот, во мигот на изгрејсонцето, со првиот сончев зрак ИЛ, бил прогласуван за Господар - Господ на земјата. Новиот зет во еуфоричен занес, на радоста на многубројното присутно население, ги изговарал следниве зборови како заклетва за побогата родна година:

**„Законите вселенски со желбите човечки**
**во бесконечната вселена,**
**дојден е часот помеѓу Богот и Мајката,**
**за љубовен влез во пролетта.**
**ИЛЕ лие, пролева, оплодува**
**ѕ'ни ЕХ...За сто години ИЛ ОХ...**
**Синот божји „ИСУС" е со мене."**

192 Фотографија: Бранко Сотировски
193 фотографијата од теракотната фигура е од музеј во Виена, Австрија http://www.lessing-photo.com/dispimg.asp?i=06010226+&cr=1&cl=1, пристапено на 04.05.2015.

Новопрогласениот Господар - Господ и Зет по изговорените свети зборови, просветлен и срeќен со големо олеснување на душата, поради завршетокот на зимата и почетокот на месеците во род, заедно со насобраниот народ, во еден глас се заблагодаруваат на пристигањето на Богот ИЛИ со зборовите „Ѕ“НИ ЕХ за сто години ИЛ ОХ, **Синот божји со мене“.** Македонците и ден-денес при честитањето се поздравуваат со зборовите „ЗА МНОГУ ГОДИНИ“. Во склоп на церемонијата на прогласување на зетот, меѓу присутните граѓани се и божјите Кокинки, кои седат на помали столови во очекувањето на изгрејсонцето, да бидат оплодени или плодни. Слични набљудувачници, изградени од Македонци покрај Кокино се: Мачупикчу – Перу, Стоун Хенџ – Англија, Холич – Словачка и др.

**04. ‘‘О!!!Мил на ИЛ ‘‘**

Шарков рид – Св. Николе Македониа 400.000 – 10.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 58 Локалитетот ‘‘Шарков рид‘‘ и геоглифот.

Локалитетот ‘‘Шарков рид‘‘ се наоѓа во срцето на Македониа и Македонскиот полуостров. На Шарков рид е евидентиран геоглиф изработен од Зетот Ик‘т Г‘гл. Како благодарност за родените плодови, Ѕевс и Македонија, ОСИИАН и прогласен за зет и Господар - Господ на земјата, се заколнал да служи на Богот ИЛ. Името на владетелот се појавува и на третиот заб од Виндија како **ИК‘Т** Зет пред 32.000 г.мак.е.пред.п.христ. (стр. 146) а неговото презиме се среќава во пустината Наска, Перу, под името **“**Уг‘т **Г‘гл”,** 75.000 г.мак.е.пред.п.христ. (стр. бр. 325)

Овој геоглиф не случајно се појавува на таа територија. Во близина се наоѓа мегалитскиот ѕid „Македон“ во селото Богословец. Ѕидот е нем сведок за напредната македонска цивилизација со претпоставка на изградба од пред 400.000 г. Во линијата исток запад од „Македон“ преку Шарков рид, во околината на градот Кочани се наоѓа пирамида а во околината на Куманово мегалитска набљудувачница Кокино. Овие споменици на македонската култура се почетоци-

те на историјата на македонската цивилизација која се простирала на пет континенти. И сето тоа како македонскиот ген, организиран во држави „Зети“, како дел од Големата Зета Македонија, која се простирала до централна Кина. Во непосредна близина на Шарков рид се наоѓа македонскиот главен град Вилазора на македонска Зета наречена „Пајонија“.




Сл. 59 Анализа на геоглифот.

Целокупниот текст на современ македонски јазик гласи:

**„Македониа“**

1. **И јас гледам, лска ИЛ, гипко игра.**
2. **И јас сит, сега, околу, на погледот зрел.**
3. **О!!! Мил на ИЛ. Зевс и Македониа.**
4. **Јас Зет ИКТ Г‘ГЛ осииал.**
5. **Се заколнав во ИЛ.**

Претпоставка е дека Вилазора се наоѓа околу денешниот град Велес. А во 1976 година со понови откритија утврдено е дека е во близина на Свети Николе во околината на селото Кнежје. И оваа констатација е претпоставка оти не е најден пишан доказ, но според пронајдените материјални остатоци, со сигурност можеме да тврдиме дека овој град бил репрезентативен центар или главниот град. Мали истражувања беа направени на локалитетот во 1980-тите и 1990-тите. А големи ископувања се направени по покана на фондацијата TFAHR во 2008 година. Имено овој град интензивно се развивал од пред 2.215 до 700 г. македонска ера.




Сл. 60 Вилазора – реконструкција.




Сл. 61 Положбата на Шарковиот рид и мегалитсиот ѕид “Македон”.



Сл. 62 Пирамида во близина на градот Кочани, Македониа.




Сл. 63 Остатоци на репрезентативна градба во градот Вилазора.[194]

[194] http://www.tfahr.org/images/Finds2010x09.jpg, пристапено на 04.05.2015.

**05. „Зету Шуману“** Кумановски регион, село Младо Нагоричане, Македониа, 400.000 - 12.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 64 Цртеж Душко Алексовски.

Д-р Душко Алексовски, со цел да открие со каков квалитет и со колкав квантитет е застапена уметноста на карпа во Македониа, открива голем број гравири од сите стилистички периоди во различна големина и форма.[195] Во Кратовскиот регион се откриени цртеж-лигатурите или гравирите од село Трновец, местата Орлов Камен и Маркова Куќица, село Шопско Рударе, Талашманце, Крилатица. Од Кумановскиот регион откриени се гравирите од Младо Нагоричане – место Ѓаволска Црква, село Канарево - местото Њиве и селото Бељаковце.



Сл. 65 Фотографија од гравирот: Душко Алексовски од делото
„Како ја открив карпестата уметност во Република Македонија“, стр. 82, издание - Кратово 2000.

Овие споменици на културата, кои воедно претставуваат уметност на карпа во Македониа, добиваат почесно место како културно наследство и се значаен дел од македонската исто-

[195] Душко Алексовски, „Како ја открив карпестата уметност во Република Македонија“, стр. 82, издание - Кратово 2000.

рија од периодот на Големата Зета Македониа. Тие претставуваат уметнички израз со лигатура од азбуките цутни и се записи за Македониа и македонската вера.




Сл. 66 Дешифриран текст.

Интерпретацијата на современ македонски јазик гласи:

„КОЊ ЈАВАМ СО ИЛ. ВО ЛЕТ ИТАШ, ЗЕТУ ШУМАНУ ЛИ, (ПРОЛЕВАЈ). ИДИ S'HSAJ, СИЈАЛОТО ОЛИ ГО."

На цртеж-лигатурата од село Младо Нагоричане преку азбуките цутни е напишан текст, а воедно обликот во кој е врежан текстот е коњ и човечка фигура. Тоа е една од вредностите на писмото и писменоста на Господарите - Владетели Македонци, кои за искажување на верски претстави на пошироките народни маси, го користат токму овој облик на изразување. Овој начин на пренесување на македонската вера се користи низ целата Земјина топка и најзастапен е во Зета Македониа Ар на МА.[196] Коњот претставува сончев зрак ИЛ. Коњаникот е персонифициран дух божји Македон во лет кон Зетот Шуман.

Напишаните зборови **„Во лет иташ Зету Шуману",** во наредбодавна форма, е заповед на врховниот Бог Сонце ИЛИ. Претходно пристигнатата душа на Господарот – Господ Македонец – стариот Тешт, за прочистување и просветлување на Сонцето, сега како дух божји Македон, качен на коњ, како сончев зрак, со наредба од единствениот Бог ИЛИ, треба да се врати на земјата како светец – сончев зрак. Да **„лие"** – пролева, оплодува и му подари плодност на новопрогласениот зет Шуман, сега како персонифициран Господар - Господ на земјата, владетел со својата Зета Македониа. Презимето ШУМАН, кое потекнува од камениот период на македонскиот народ, и по изминати илјадници години, сè уште е присутно во Македониа. Најзастапено е во Кумановско - Штипскиот регион, како сведоштво за живите потомци на Господарот - Господ на земјата - зетот Шуман.

Македонскиот јазик од времето на создавањето на гравирот, именските зборови делат неколку менливи категории: род, број и падеж. Имало седум падежи: номинатив, генетив, датив,

196 Стилот и уметничкиот израз во Зета Македониа „АР на МА" – денешната територија на Египет стр. 379.

акузатив, вокатив, инструментал и локатив. Македонскиот јазик, со изминат временски период од 400.000 год. во повеќето региони на светот, никогаш немал падежи. Во македонскиот јазик, се појавуваат падежи само во некој мали делови од територијата на Големата Зета Македониа, како дел од дијалектниот говор на Македонците. Меѓутоа, со тек на времето, овој систем на некои територии бил напуштен. Именките ЗЕТУ ШУМАНУ се во третиот падеж - ДАТИВ (овој падеж се одредува со прашањето КОМУ – ЧЕМУ, во случајот Зету Шуману). Овој натпис е од територијата на Македониа, каде се зборува македонски - кумановски дијалектен говор.

**06. „ЦУТ“ Кратово**

Гравир од село Крилатица, место Пашкуљ, Македониа, 32.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 67[197] Гравир - лигатура.




Сл. 68 Анализа.

Интерпретирано на с.м.ј: „ИЉО ТИ МДОН ПЛОДИ. ПИРОТ ИЗОРАН. ПЕРУН ДОЈДИ ЛИ, НА МОЈТЕ ПРОЛИ ИЛ ОД 21-ВИ (март)“.

[197] Душко Алексовски “Како ја открив карпестата уметност во Македонија” Кратово 2000, стр. 71.



Сл. 69 Цртеж.



Сл. 70 Расчленет гравир на претставени симболи на Сонце, цут, нива „АР“ и цифри XXI.



Сл.71 Стилизиран цут.

Гравир-лигатурата на карпа, создадена во точно неутврдена временска датираност, е напишана со слово цутно и македонски - кумановски дијалектен јазик. Сличноста е очигледна со претставата на ЦУТ од двете области, од Кратово и областа во Пелагонија. Елементите се исти, изработка на цртеж со букви е ист, верата е иста, единствено што се разликува е стилскиот израз на формите и буквите. Стилскиот израз на мотивот од керамички сад од Пелагонија е посовремен, пропорционално и симетрички идеален, додека стилот на гравир-лигатурата од Кратовско, цртежот има погруб и поедноставен израз, но со големи уметнички квалитети и јасна порака. Употребените цифри се македонски - пролетни. Сонцето е со елиптична форма симболизирајќи го зрелиот плод.

Словата и текстот кој е искористен за презентација на цутот се среќава именката ИЉО. Личната именка Иљо е обид да се персонифицира Богот на Сонцето ИЛИ. Во овој случај, обожествениот Македонец не се обраќа како на величествениот Бог, туку му дава човечки тон како на татко. Божјата Ѕемја МА ословена е со именката М‘дон, што значи, мајката со Дон, ЦУТтот или пролетта. Именката М‘дон се среќава во Зета Македониа Пролетен ветер (нордиски земји). Обожествениот Македонец како рамноправен учесник во создавањето на благосостојбата и рајот на земјата, својата нива веќе ја припремил, ја изорал спремена за оплодување. Македонскиот збор ПИР со значењето **„влез за живот“**, претставува име на тревата пиреј или пирика. Тревата е симбол на цврстина, издржливост, борба за живот или влез во животот со ПИР. Во пролетта се појавува ветер ПИР кој пирка. Пиркањето на ветерот или ПИР на ветерот значи оплод на божјата Мадон, **благосостојба на природата, оплодената природа во пролетта** наречена Мадонка.

## 07. „Величествениот наш Бог“

Чашка (Велешко) – Македониа, 8.000 г.мак.е.пред.п.христ.[198]




Сл. 72 Глинен поклопец од Чашка
Дел од глинен сад - урна за чување на пепел или место каде што престојува духот божји Македон.

Поклопецот го симболизира Сонцето, напишана е јасна порака до Богот. Читано од горе кон доле и од доле кон горе гласи:

„ВЕЛИЧЕНСТВЕН НАШ БОГ ИЛ, ВЕЛИЧЕНСТВЕНО Е ДЕЛОТО ТВОЕ, СО БОЖЈИОТ ДУХ МАКЕДОН ЛУЃЕТО ОРОСИ ГИ, ДАРУВАЈ РОСА, ПЛОД НА АР НА МА, РОЖБА И СЕТО ТОА ЗА ТВОЈТЕ ДЕЦА ГОСПОДАРИ - ВЛАДЕТЕЛИ НА ЗЕМЈАТА ВЕЛИЧЕСТВЕНИТЕ МАКЕДОНЦИ“.




Сл. 73 Дешифрираниот текст.

[198] http://www.makedonskosonce.com/broevis/2003/sonce470/Tekst28.htm, пристапено на 04.05.2015.

Имено, на фреските во палатата во Кносос на островот Крит, претставени се машки фигури со глинени садови кои служат токму за истата намена.[199]

Според анализите на д-р Алексовски, пронајдениот поклопец е изработен примитивно. Рачката не е работена истовремено кога е работен и поклопецот, туку тој е вметнат подоцна, но пред печење.[200] Се претпоставува дека поклопецот е дел од глинен сад (кој не е пронајден), а целиот сад имал религиозна и култна намена. За ова откритие, д-р Душко Алексовски вели дека е од огромно значење за историјата на старото Македонско писмо и сѐ е во знакот на буквата **В**. Според него, на поклопецот е исписано името на Божицата **Веста,** која била Божица на огништето.

**08. „Душа - Македон“**

Орант од набљудувачница Цоцев Камен, Кратовско, Македониа, 8.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 74 Цртеж на камен – орант

Во селото Шопско Рударе, Кратовско, во Македониа, е откриен најимпозантниот и најзначајниот споменик на културата од времето на историскиот период на Зета Македониа. За првпат локалитетот Цоцев Камен е евидентиран во 1972 година. Тој се наоѓа 25 км. југозападно од градот Кратово од левата страна на долината Крива Река. „Се наоѓа во близина на најбогатиот регион во светот со неметалот силекс, кој бил и причина во осоговскиот регион да се изработат“[201] најголем број гравири од историскиот камен период на македонскиот народ.

Покрај другите набљудувачници во Македониа и ширум Големата Зета Македониа, локалитетот Цоцев Камен, соединува место за ритуални обреди - жртвување,светилиште, насликан живопис во облик на човек со раце во положба на чинот за молитва (орант), набљудувачница со сите придружни нишани и др.



Сл. 75 Цоцев Камен




Сл. 76 Македониа – Цоцев Камен

[199] Дешифриран текст:„Ритуал за дождот“Крит 1.660 – 1.400 г.мак.е.пред.п.христ стр. 125.
[200] http://star.kanal5.com.mk/(S(gabjeq214uqtc03viuwflliv))/default.aspx?mId=43&eventId=43284&egId=17, пристапено на 10.07.2015.
[201] Д-р Душко Алексовски „Локалитетот Цоцев Камен“, Куманово 2008.

Орантот е во облик на жена во породилна положба. Стилизирана е во геометриска форма. Орантот е цртеж-лигатура, порака напишана со македонските слова ЦУТНИ и јазик македонски. Пораката е благовестие, дел од македонската вера на Сонцето, Космосот, сојот,ројот и рајот - Македониа. Орантот претставува Мадон пролетна, Мадонка оплодена, Македонка во раст, Мајка родилка на Господарите - Владетели Македонци, заштитничка на куќата и создавач на Македониа - рајот. Орантот е персонификација на земјата.




Сл. 77 Дешифриран текст

Натписот, транскрибиран на современ македонски јазик гласи: „ И, Е, Н, Д'ША"

Транскрибирано на современ македонски јазик е: „И Е НАША ДУША"

Македонската вера има непрекинат континуитет сѐ до денес со христијанската религија, која пак претставува МАКЕДОНСКА ВЕРА. За да се прикрие овој факт, одродените Македонци ги пишуваат каноните на христијанството и свесно ги извртуваат фактите, датите и имињата. Слична или иста претстава на жена наоѓаме во црквата Пресвета Богородица Угледната (Привлептос ја нарекуваат полуписмените), која е во Охрид, Македониа, изградена 1295 год. Насликана од македонските генијални уметници Михаил Астрапа и Евтихиј. Од оваа композиција и од многу други, учеле многу генерации уметници, а најверојатно и Леонардо Да Винчи и Микеланџело Буонароти. Тие научиле во композицијата да вградуваат тајни пораки од македонската вера. На композицијата „Богородица" може да се прочита од доле кон горе, од десно кон лево и од лево кон десно: „ОЛИ ИЉО МАК'ДОН". Јавната порака со ова композиција е претстава на Богородица, а тајната порака на уметникот е напишана, Богородица да биде олиена или оплодена од духот божји Македон.




Сл. 78 Богородица со кренати раце од црквата Пресвета Богородица Угледна (Привлептос која се наоѓа во Охрид, Македониа изградена 1295 г.

Оваа порака е со изминат временски период од најмалку 400.000 г. и се среќава на сите пет континенти, со непрекинат континуитет до денес, кој се проникнува низ македонскиот килим и вез, како и македонскиот фрескоживопис.




Сл. 79 АИФ слајдови 828 Лигатура „Мак’дон“ Кривопаланечко.






Сл. 80/б




Сл. 80/а Македонска носија со исткаена фута
Македонска носија со порака.

Сл. 81 Аиф слајдови 828 со натпис „МАК’ДОН“.
Лигатура „Мадон“, Кривопаланечко.

**09. „Керамичкиот печат од Церје“**
Говрлево, близу до Скопје, Македониа, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Керамичкиот печат од Церје кај Говрлево близу до Скопје е пронајден во 1981 година. Тој е непобитен доказ за временскиот период на Зета Македониа од 7.000 – 6.000 г.мак.е.п.п.хр. Тој е доказ за постоење на писмо, наука, уметност, вера, закон, ред и поредок – оптштествено државно уредување. Тој е доказ за употреба на две словарници, денес наречени КИРИЛИЦА И ЛАТИНИЦА. Тоа се македонското писмо ЦУТНО јавно (кирилицата) и македонското писмо ЦУТ-НО тајно (латиницата).




Сл. 82 Керамики печат од Говрлево Македониа, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Керамичкиот печат кој е напишан со македонска јавна и тајна азбука, оддесно налево и одгоре надолу, транскрибиран на современ македонски јазик: **„С’Л С БО С’М“ – „САЛ СО БОГА СУМ“** или **„САЛ СО БОГА САМ“.**[202]

**10. „Војување меѓу Зет УТ’Ѓ и Зет СТОЛЕ Н’Д’МСЕЈ**“
Осинчани крај Скопје, Македониа, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.

“Војувањето помеѓу зетовите на одделни зети е познато уште од времето на неолитот”.



Сл. 83

**„ЗЕТОТ УТ’Ѓ УЕОЧО ГО ЗГАЗИЛ ЗЕТОТ СТОЛЕ Н’Д’МСЕЈ В БОЈ Е ТАСОВИОТ ВУ-ЈКО -ТОЈ, ‘РБЕТЕ ‘РЏЕ.ЗЛОБНИ СЕ.“**[203]

[202] Обработка и транскрипција Васил Иљов http://www.makedonijaese.com/storia2.htm, пристапено на 04.05.2015.

[203] Обработка и транскрипција Васил Иљов http://www.makedonijaese.com/storia2.htm, пристапено на 04.05.2015

**11. „Утешна реч“**

Црна Лома или Илина Гора кај селото Осинчани, близу до Скопје, Македониа, 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.



Сл. 84

За болката на мајката за загубата на своите синови во војна, зборува македонскиот натпис на планината Црна Лома или Илина Гора кај селото Осинчани близу до Скопје.

„ТАА, РЕЧТА, ЗА СЕГА Е УТЕХА НА МАЈКИТЕ, КОИШТО ЛОШОТО, ВОЈНАТА, НИВ ГИ ОШТЕТИ“.[204]

**12. „Логос“**

Осинчани, близу до Скопје, Македониа, датиран 7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.

Натписот на камен се наоѓа во с. Осинчани близу до Скопје. Тоа е предел со безброј плодни ливади и шумовити ритчиња.




Сл. 85

Дешифрираниот текст гласи транскрибиран на современ македонски јазик:
1. И НА ВРВОТ ЛУГ[205] (ЛЕДИНКА).[206]

Според мое мислење, терминот „Л‘Г“ = „ЛУГ“ погоре е озвучен со самогласката „У“, што не е погрешно. Терминот „Л‘Г “ може да се озвучи и со самогласката „ О “, од што ќе произлезе македонскиот збор „ЛОГ“ со значење „ ЛОГ- ОС, ЛОГ- ИКА“. Транскрибираниот текст на современ македонски јазик би бил: **„ И НА ВРВОТ ЛОГ (лог - ика).** Натписот укажува на фактот дека ВРВ НА ЧОВЕКОВАТА МИСЛА Е „ЛОГ“ ЛОГОСОТ, ЛОГИКАТА и врв на пирамидата на развојот на умот.

---

[204] Обработка и транскрипција Васил Иљов http://www.makedonijaese.com/storia2.htm, пристапено на 04.05.2015.

[205] Зборот ЛУГ – лединка се среќава и во Мексико со дешифриран текст ‘‘ЕМБРИОН од мојот ЛУГ“ Кањони Сиера де Сан Карлос Мексико, 4.000 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ., стр. 356.

[206] Дешифрирано од Васил Иљов.

Во овој случај, натписот добива многу пошироко филозофско значење. Тука ја согледуваме логичната мисла базирана на научна основа, од која произлегува митот. Овој натпис е демант на западните теоретичари, кои мислат дека историскиот период Зета Македониа е митски, предлогичен, со примитивен менталитет, за разлика од таканареченото Сократово време од античкиот период на македонскиот народ, од каде, наводно, произлегува таканаречен „рационален“ западен мисловен концепт, всушност западниот мисловен концепт е базиран врз темелите на македонската ера на писменоста и науката

Со овој пишан документ можеме со сигурност да кажеме, науката, уметноста и фолклорот произлегуваат од македонската мисла во склоп на верата, со овој артефакт со изминат временски период од 7.000–6.000 г.мак.е.пред.п.христ. Во контекст на ова сознание, Македонците имале свој образовен систем како „БОЖЈА УКА и НАУКА“[207]

Натписот од Илина Гора, според мое мислење може да се толкува и на следниот начин. Во густо населената област, воспоставениот ред и поредок доведуваат до процут на писменоста и науката. Многубројното благородничко население има потребата за одбележување на својата територијата. Таа била приватна сопственост, запишана во катастарски книги и камења со натписи на лице место. Таков е случајот со овој натпис каде може да се прочита името и презимето на благородникот – ЛОРД, поседувач на лединката или поголем дел од планината. Дешифрираниот натпис е: „ИЛУ ЛОРД Е ЛЕДИНКАТА“. Или „(НА) ИЛУ ЛАВРОД Е ЛЕДИНКАТА“.[208] Овие два дешифрирани текстови ни укажуваат на фактот дека именката ЛОРД е македонски збор. Именката ЛАВРОД е составена од два збора ЛАВ и РОД, што значи благородникот – ЛОРД е од родот македонски со симболот на ЛАВОТ.

**13. „Крескај се“**

Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани, близу до Скопје, Македониа[209],
7.000 – 6.000 г.мак.е.пред.п.христ.




Сл. 86

[207] Дешифриран текст:„Првиот образовен систем“ Зета Македониа Наниа Laugerie Haute, Франција, 13.000 г.мак.е.пред.п.христ. стр. 216..

[208] Дешифриран текст Бранко Сотировски.

[209] Цртеж од Бранко Сотировски, фотографија и дешифрирано од Васил Иљов. http://www.makedonijaese.com/storia2.htm.

Со македонско писмо ЦУТНО и македонскиот јазик на СОНЦЕТО напишано е: „КРЕШТ СЕ СИ У Л'Т С'Л С ИЉУ“ со значење „КРЕСКАЈ СЕ СИ ВО ЛЕТ САМО СО СОНЦЕТО“. Илина Гора, Горно светилиште, Осинчани близу до Скопје.

Натписот претставува споменик на културата на македонскиот народ и е сведоштво за погребните церемонијални обреди, за патот на телото исто како и душата кон Сонцето. Со помош на огнот како симбол на Сонцето и пламените јазици, како симбол на сончевите зраци, душите пловат кон Сонцето на прочистување, а преку зраците со помош на божјата молња, се пренесуваат во центарот на спиралата, каде се умножуваат – воскреснуваат наречено „КРЕШТ“ во рајот како дух божји Македон. Духот божји Македон, вселен во ВСЕЛЕНАТА со помош на божјата молња SE и еленот, како симбол на сончевиот зрак, со помош на „asил'к“ (поглед низ виножитото), пристигнува во Македониа - рајот токму како сончев зрак, вселенска прашина, роса, орос или оплод.

Зборот „КРЕШТ“ значи и „ВОСКРЕСЕ“. Господарот – Господ Македонец ставен на клада отпловува кон Сонцето, но со цел повторно да воскресне. Овој натпис ни укажува на ритуал за воскреснување, повторно раѓање и реинкарнација.

**14. „Сончев зрак“**

Македониа, 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. (Општина Катерини денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име)

Садот е пронајден во локалитетот Ајазма, месноста Макригиалос, археолошко наоѓалиште кое е оддалечено 21 километар северно од градот Катерини.




Сл. 87[210] Глина, Макригиалос 8.500 – 5.000 г. македонска ера.



Сл. 88 Сончевиот зрак ИЛ и две скалести пирамиди,
Кои служат за пренос на енергијата од Сонцето кон Земјата и обратно.

[210] Πιεριδων Στεφανος: Πυδνα, Μεθωνη και οι αρχαιοτηιες της βορειας Πιεριας Ματθαιος Μπεσιs Αρχαιολογος стр. 43.




Сл. 89 Скалести пирамиди.

Македонскиот обреден сад е украсен со сончев зрак, односно дух божји Македон и скалести пирамиди од три скали, наречени **Троенски.** Тоа се симболите на македонските две свети тројства**.** На садот може да се прочита: „ВО ШЕС МЕСЕЦИ ВО РОД ОД – ДО, УЛИ ИЉУ“.

Се мисли на принесување ујам или жртва на Богот ИЛИ во облик на материјална енергија, создадена од АР на МА како ИСУС,[211] што претставува храна и вино, но и телата како и душите на умрените божествени Македонци, пренесени со линиите на бесконечноста, или сончевиот зрак како дух божји Македон до Сонцето. Сонцето со неговата моќ како божество, материјалната енергија ја претвора во духовна, за влевање или оплодување на природата во шестте месеци во род и четирите годишни периоди. Повторно преку линиите на бесконечноста, преку пирамидата на Сонцето и двојното око, духот плови кон земјата преку окото на Богот ИЛИ и окото на Господарите - Владетели Македонци на врвот на пирамидата од божјата земја АР на МА, како набљудувачница, во очекување на првиот сончев зрак на ден XXI–ви декември, заедно со духот божји Македон. Ги носи душите на умрените Господари - Владетели Македонци, кои се враќаат низ „asил‘к“,[212] од Космосот да се распрснат како орос или роса во илјадници ЦВЕТОВИ на бои од виножитото, преку пирамидата на божјата земја МА, за вечниот живот на АР, како ИСУС во Македониа - РАЈОТ.

На садот сончевиот зрак ИЛ се протега од врвот на садот кој го симболизира небескиот свод, па сè до подножјето кое претставува АР. Оваа претстава на сончев зрак, Македонците ја нацртале на километарска површина во пустината Наска, во Перу (сл. 91). Господарите – Владетели Македонци граделе скалести пирамиди низ целиот свет.



Сл. 90 Македонска скалеста пирамида, симбол на две тројства – свето и световно, Зета Макаедониа Ар на МА (денес наречен Египет)

[211] Дешифриран текст на стр. 104.
[212] Види објаснување во делот: ПРВИОТ ТОЛКОВЕН РЕЧНИК НА МАКЕДОНСКИ ЗБОРОВИ ОД ДЕШИФРИРАНИ ТЕКСТОВИ стр. 339.



Сл. 91 Сончев зрак ИЛ, Наска, Перу 14475501 S 75032251 W.

Садот за принесување жртва е ист или сличен на садовите од големата традиција на народот од „Саладо култура‘‘, распространета на денешната територија на Ново Мексико, во Соединетите Американски Држави, 11.500 г.мак.е.пред.п.христ. (сл. 92). На садот од Ново Мексико нацртани се линиите на бесконечноста и скалести пирамиди каде јасно се уочува симболиката на кружење на енергијата преку пирамидата.




Сл. 92[213] Керамичките садови на територијата Саладо, мотивите имаат сличности со македонските садови од Пелагонискиот регион, регионот на Катерини и од македонскиот килим.

Покрај цртежите на животни, летечки објекти, натписи и линии со километри, најбројни се линиите во облик на издолжен триаголник или сончев зрак на кој лесно се уочува буквата „Л“ и буквата „И“. Овие две букви може да се прочитаат само со македонски слова и на македонски јазик, а тоа е: „ИЛ-ЛИ, ОД-ДО“, со значење Богот Сонце да лие сончеви зраци „ИЛ“, во четири годишни периоди.

213 Садови од Ново Мексико – Саладо, со нацртани скалести пирамиди http://www.archaeologysouthwest.org/ what-we-do/information/exhibits/pieces-puzzle/puzzle-piece-5-5, пристапено на 18.05.2015.

**15. „Низ ѕсил'к од Сонцето кон ѕемјата"**
Општина Пиерија - Равенија Македониа, 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. (денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име).

Равенија локалитетот се наоѓа 26 километри јужно од Јанина на надморска височина од 844 м. Западно од Коринос (Κορινός) на местото Равениа (Ραβένια), се наоѓа мала плодна долина полна со извори на вода, пронајдено е живеалиште до местото „Тумби", за кое истражувачите утврдиле дека било населено од историскиот период на Зета Македониа од пред 8.500 г. македонска ера. Интензивни ископувања и истражувања се направени од 2001 до 2004 година. Она што привлекува внимание се керамичките садови. Некои од нив се со едноставни овални форми, со или без рачки, со дебели ѕидови, додека некои во разни облици, но и со потенки ѕидови.[214]



Сл. 93 Култен сад, Равенија, Македониа 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. (изработено со грнчарско тркало).




Сл. 94 Дешифриран текст: „ASИЛ'К ЅИЛ ИЉО Л'КО".

[214] ΕΦΟΡΕΙΑ ΠΡΟΪΣΤΟΡΙΚΩΝ ΚΑΙ ΚΛΑΣΙΚΩΝ ΑΡΧΑΙΟΤΗΤΩΝ електронско издание стр. 206.



Сл. 95 Пренесување на енергијата од света во световна и обратно.

Насликаниот орнамент на керамичкиот сад со писмо и слика во облик на цртеж-лигатура е напишан на македонски јазик. Според македонската вера, по смртта на Господарите – Владетели Македонци преку пирамидите на вселената и земјата, и двојното око, телото како и душата ставени на клада како симбол на Сонцето, качени на пламените јазици како симбол на сончевите зраци ќе отпатуваат кон Сонцето ИЛИ за прочистување, а од Сонцето со молња ќе бидат пренесена до центарот на спиралата каде се множат душите, за познатиот култ на СОНЦЕТО, КОСМОСОТ, РОЈОТ, СОЈОТ И РАЈОТ. Распространет на пет континенти во вид на јавна (световна) и тајна (света – верска) порака, би требало да значи:

**„ОД АЅИЛ'К ЅИРНАЛ ИЉО ЛЕСНО'.**

**Духот божји Македон, од СОНЦЕТО неговиот вечен дом и рајот во Космосот, преку пирамидата на вселената, и двојното око, пристига на земјата, во вид на сончеви зраци или духовна енергија, како капки роса низ виножитото или „аѕил'к" (лак или лач на виножитото). Ја оплодува божјата Мадон, за да се создаде материјалната енергија или вечниот дом на духот божји Македон во вкупната жива природа („ИС-ИСУС"), во МАКЕДОНИА – РАЈОТ, за божјиот син „ИС" (новородениот) обожествен МАКЕДОН или синовите божји – Господарите - Владетели Македонци.**

Од лингвистички поглед, **„аѕил'к"** може да има врска со „азил" = прибежиште, засолниште. Врската со македонскиот јазик на Сонцето од средниот век (средновековниот, црковно-македонскиот) е „(а)жилиште", која што лексичка форма денес е видно изменета во „живеалиште", имајќи ги како основа именката „живот", или глаголот во инфинитивна форма „живети". Така излегува дека македонскиот сончев (древно – исконски) збор аѕил'к–азилак–ажилак е „живеалиште", „куќа", „дом", а покасно бил предземен од персиското племе и е фонетски блиска со персискиот збор „хаџ" („уважувување", „почит", „господин", „мудрец", но и „скопан, кастриран човек") од кој се формирале арапско - турските форми „хаџи", „аџил").

**16. „Исус л‘си“**
Пиерија – Македониа, 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. (денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име).




Сл. 96 Област Пиерија, место Ρητίνη, зооморфна керамика (6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ.)[215].

Областа Пиерија е област во предградието на централна Македониа со македонско население, поточно Егејска Македониа, локалитет Ритин „Агиос Николаос“. Административен центар на областа е градот Катерини.

Фигурата на бик претставува персонификација на Богот на Сонцето ИЛИ, персонификација на силата за оплодувачката моќ на Сонцето. На бикот е испишан македонски текст со слова ЦУТНИ. Читано од горе кон долу, транскрибиран на современ македонски јазик гласи: „ИЛИ НЕА ВО УСНИТЕ ЈА НАРОСУВА, ЈАВАЈЌИ ЈА ЗА СОЈ“. На текстот може да се прочита и името ИСУС. Што би значело ИС = таа и УС = усни, односно ИЛИ се наоѓа во нејзините усни, или во нејзините усни се наоѓа синот божји. Текстот би гласел: „И ЈАВАЈЌИ ЗА СОЈ, СИНОТ БОЖЈИ ИСУС СВЕТНАЛ“. Именката „ИСУС“ во текстот е и со значење божество, па од тука произлегува прочитот: „Божеството ИСУС свети и уште ќе свети“.

Токму тука се крие и загатката зошто оваа цртеж-лигатура е испишана на ваков облик т.е. текст испишан на бик-фигура. Животните биле светост за луѓето, тие биле персонификација на оплодувачката моќ на Богот Сонце. Бикот е олицетворение на сила, снага, машкост и апсолутен суверенитет и моќ. Поради овие карактеристики, ова животно добива божествен карактер. Исто така симболизира неверојатна упорност, истрајност и издржливост. Пронајдени се многу пештерски цртежи, теракотни и бронзени фигурини и многу други артефакти кои водат потекло од многу периоди на македонскиот народ низ историјата, обработени во оваа книга. Биковите најчесто се користеле како жртви во ритуални церемонии. Обожувањето на бикот води континуитет низ вековите сè до денес и од историскиот период на Зета Македониа имаме безброј докази.[216] За Македонците животната сила на биковите имала магиска моќ. На бикот исто така му е посветено и едно соѕвездие. Во периодот од 4.500 година до 2.200 г.мак.е.пред.п.христ, во тоа зодијакално соѕвездие изгревало Сонцето, во мигот на пролетната рамноденица. Токму затоа овој натпис е запишан на ваков облик. Тоа е свет запис во кој животното и напишаната содржина формираат една целисходност.

---

215 Πιεριδων Στεφανος: Πυδνα, Μεθωνη και οι αρχαιοτηιες της βορειας Πιεριας Ματθαιος Μπεσις Αρχαιολογος стр 36

216 Објаснување на симболот на бик, види стр. 241. Дешифриран текст: „Бизон ЏИНОТ“ Зета Македониа Нанија Дордоња, (денешна Франција) 12.000 г.мак.е.пред.п.христ.

**17. „Оплодена мајка природа“**

Равенија – Македониа, 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. (денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име во 1830 г.)



Сл. 97 Глина, Макригиалос
(8.500 – 5.000 г. македонска ера).[217]




Сл. 98 Дешифриран текст




Сл. 99 Дешифриран текст.

Печат во форма на Сонце, цут, роза, пролет. На печатот пишува: „ГЛЕДАМ, ВИДЕНА Е (ОПЛОДЕНАТА) МА ТАА ВО УСНИТЕ БОЖЈИ, И САМО БОЖЈИ. По мое мислење, „ИСУС“ ја претставува вкупната жива природа, оплодена со „SИ“ (првиот сончев зрак – изгрејсонце) и родена од мајката од „УСНИТЕ“ на земјата.

[217] Πιεριδων Στεφανος: Πυδνα, Μεθωνη και οι αρχαιοτηιες της βορειας Πιεριας Ματθαιος Μπεσις Αρχαιολογος стр. 46.

**18. „Печат – Божјо око“**

Равенија, Беломорска Македониа, 6.500 – 3.000 г.мак.е.пред.п.христ. (денес окупирана од безимено племе и држава со измислено име.)




Сл.100 Печат[218].

На печатот пишува: „СО ИЛИ ГЛЕДАМ СВЕТИ МАДОНА“. Печатот претставува симбол на моќта, со кој се одобрува или забранува. Зад печатот стои владетелот, зетот и божеството на земјата, а зад владетелот стои науката, верата и војската.




Сл. 101 Две пирамиди и Големата Мајка на воскресението.

Печатот е во форма на Сонце и сончевите зраци. Средниот дел на печатот со натписот претставува ОКО на Богот ИЛИ, кој се гледа исто како владетелот. Окото е сместено меѓу два триаголника, симбол на Господарите - Владетели Македонци, како и на двете свети тројства. Триаголниците претставуваат пирамиди за пренос на духовната и световната енергија.

[218] Πιεριδων Στεφανος: Πυδνα, Μεθωνη και οι αρχαιοτηιες της βορειας Πιεριας Ματθαιος Μπεσις Αρχαιολογος стр. 46.